СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 1997 година

Скопје, декември 1997 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 59-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 26. II. 1997 ГОДИНА

Дискутанти:

1. АТАНАСОВСКИ ЃОРЃИ - 65, 67.
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 46, 49.
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 20
4. БЕЛЧЕВ РУБИНЧО - 72
5. БЕЏЕТИ АБДУЛМЕНАФ - 11, 49, 68 ( мин.за развој)
6. БЕЌИР ЖУТА - 5, 22, 36, 74, 76, 88, 90, 92 ( мин.за стопанство)
7. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 7, 32
8. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 94
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 21, 24, 26.
10. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 26
11. ИБРАИМИ САМИ - 10, 12
12. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 95
13. КАРОВ ЗВОНКО – 92
14. КАДРИУ ЗЕЌИР – 80
15. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ – 75
16. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 49
17. КОСТАЌЕВ БОРИС – 19
18. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 30
19. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 29
20. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО – 65
21. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ – 57
22. МАЉИЧИ НАЗМИ - 63
23. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 81
24. МЖКОВ ЉУПЧО – 2
25. НИКОЛОВСКИ ДУШАН – 79
26. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 62
27. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 3, 6
28. ПАВЛОВ БОРИС – 46
29. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА – 28
30. ПЕЦОВ МИРКО – 15
31. РАМАДАНИ ХИСЕН - 51
32. РАМАДАНИ САЛИ - 53
33. СТОЈАКОВСКИ ПЕЦО - 36
34. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 37
35. СТОЈКОВСКИ ЗЛАТКО -70
36. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 30
37. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ -12, 40, 43
38. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 31
39. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 34, 35
40. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 77
41. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 27
42. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 16, 18, 54
43. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 19, 83,91,96
44. ТРАЈК0В РИСТО - 39
45. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 73, 75
46. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 1, 15 (води сед. потпретс.)

47 ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 8

48. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ-27,87 (мин. за ВР)
49. ЧАПОВ СЛАВЧО - 68, 69
50. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 70

Дневен ред: стр.3

Пратенички прашања,а
Информација за мерки и акт.на Владата за измамен,граѓани - штедачи, се одлага.

- ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,20 часот.

На седницата претседаваше г-динот Благоја Филиповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, и Илија Каров не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Дозволете ми најнапред во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Јаким Ивановски и да му посакам успех во работата, добро здравје и лична среќа.

(Аплауз)

Комисијата за финансирање и буџет предлага да се одложи расправата по Информацијата за мерките и активностите кои Владата на РМ ги презела, или има намера да ги преземе за сите досегашни случаи на масовна измама на граѓани и грабеж на граѓаните под форма на штедење заради подготвување и доставување до Собранието на РМ дополнителни податоци и информации од извршените контроли и во други штедилници, кои треба да бидат доставени најдоцна до 9 март

1997 година, со тоа да се добие покомплексна слика за состојбите во штедилниците.

Молам, кој е за предлогот на Комисијата да крене рака.

Процедурално, повелете г-дине Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитувна потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани членови н Владата . Јас станав не заради друго, тој заклучок што потпретседателот го прочита донесен на Комисијата за финансирање и буџет, но, сакав да кажам две три работи од кои ќе се извлече заклучок дека сегашново одлагање и не треба да го сфатиме и да биде само исклучиво врз грбот на Комисијата за финансирање и буџет иако јас на таа седница искажав мислеше дека до таков заклучок и не требаше да дојде. Пред се заклучокот беше донесе и изгласан на Комисијата по предлог на вице гувернерот на НРМ од причина што гувернерот не беше тука и заради добивање на целосни податоци и информации не само за овие споменати штедилници во материјалите туку и за другите.

Прво, сакав да напоменам дека ние како пратеничка група баравме за материјал и информација од Владата на РМ, а не од НРМ. Според тоа материјалот што го добивме, и од НРМ и од Обвинителството и од Владата беше материјал кои ние го баравме и токму за оние штедилници кои ние во барањето ги посочивме. Според тоа, материјал за расправа за оваа седница имавме и мислам дека освен оваа причина што како Комисија за финансирање и буџет предлагаме да се одложи заради сите овие работи, мислам дека некоја друга посериозна причина не постоеше за одлагањето на оваа точка, која ја сметав за многу важна сериозна и од која расправа очекуваат многу граѓани резултат на РМ.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Јас го ставив на гласање Предлогот на Комисијата.

Молам, кој е за да крене рака? (40)

Кој е против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека поголем број пратеници немаат гласано.

Констатирам дека е прифатен заклучокот на Комисијата. Расправата по Информацијата ќе се одвива откако ќе бидат создадени услови за тоа.

Преминуваме на **пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Теодосија Паунов, Димитрија Трпеновски, Сали Рамадани, Звонко Карков, Томислав Стојановски, Сами Ибраими, Руфи Османи, Газменд Ајдарага, Вељо Тантаров, Рами Туда, Назми Маличи, Здравко Стојковски, Сулејмани, Хисен Рамадани, Илија Каров, Славко Котевски, Слободасн Најдовски, Мирко Пецов, Милче Трајков, Бранко Арсовски, Персида Малинска, Фаик Абди, Љубомир Чадиковски, Владимир Станковски, Амди Бајрам, Зекир Кадриу, Кире Видимче, Славчо Чапов, Мирко Лазаревски, Димче Настоски, Пецо Стојановски, Наќе Стојановски, Дане Милошевски, Душан Николовски, Аце Коцевски, Слободан Даневски, Мерсил Билали, Исмет Рамадани и Лазар Димов.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани дами и господа, имав две пратенички прашања кои се прилично одамна, едното е од 26 септември,

а другото е од август месец, не знам колку сеуште се актуелни, но сепак....

Едното се однесуваше во односно а приватизацијата и се однесуваше на тоа дали е почитуван законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, односно членот 93 став 3 каде што стои дека Собранието на РМ на предлог на Владата на РМ донесува програма за намена на средства од став 2 на овој член.

Барав одговор на прашањето дали Владата смета дека почитуван е постојниот член од законот со оглед на тоа што во овој состав на Парламентот ниту за 1995 година, ниту за 1996, не сме донеле програма за намената на средствата прибрани од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

Не сум задоволен со одговорот заради тоа што не знам од кои причини не се одговара директно на тоа прашање, туку се одговара дека во став 2 од чл.93 се посочени намените за кои треба да се користа овие средства. Воопшто моето прашање не се однесува на намента на користењето на средствата, туку се однесува исклучиво ан третиот став од членот 93, кои што го цитирав.

Моето дополнително прашање е дали Владата смета дека Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал не е почитуван со оглед на тоа што не е почитуван став 3 од членот 93 односно Собранието на РМ не донело програма за намената на користење на средства прибрани од приватизацијата. Тоа е едно, уште едно прашаше кое се однесуваше на откупот на пченицата.

Две години нон стоп овде го актуализираме, но изгледа не можеме да се разбереме,

Прашањето беше за динамиката на преземањето на пченицата од стоковите резерви. Тоа го добив, но дури сега конечно излезе на површина една површина. Пченицата од страна на стоковите резерви

е платен по 10 денари и дека земјоделците добија по два денари премија, односно пченицата е платена по 12 денари од страна на државата, а земјоделците примија по 11 денари.

Моето дополнително прашање е:

"Кој ќе им го надомести на земјоделците оној денар од кгр. пченица што не ја добија по заштитната цена одредена од страна на Владата на РМ".

Барам писмено, може и усмено, но сепак сум за усмен одговор.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувани пратеници, во однос на првото прашање, за да може Владата на РМ да предложи на Собранието да донесе програма која согласно вториот став на членот 93 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал треба да има таков вишок на средства од самата трансформација за а може да го предлага тоа и да се утврдува намента во рамките на член 93 став 3.

Со оглед на фактот дека приватизацијата воглавно се одвива преку ангажирање на заробените девизи, како е вообичаено да се каже, ефективната наплата е ограничена, а Агенцијата за приватизација, извештајот свој за работата во 1996 година како и полугодишниот извештај за работата во 1-то полугодие од 1996 година го има презентирано на разгледување, од каде фактички вкупната состојба може да се гледа и од овој аспект и од други аспекти до работењето на Агенцијата. Од тука, одредени констатации и заклучоци.

Што се однесува до второто прашање, заштитната цена ан пченицата во 1996 година беше 10 денари. Таа на сите производители

од кои е откупена пченица им е исплатена до 10,00 денари од страна на Владата односно стоковите резерви.

Премија, во 1996 година вас ви е познато дека не е предвидена за откуп на пченица. Кога се гласаше буџетот за 1996 година, премиите беа префрлени во други ставки исто така во сферата на земјоделието, меѓутоа се сеќавате дека Владата тогаш предлагаше да одат во берзата земјоделска, меѓутоа со одлука на Владата отидоа во други намени и не се вратија за премирање на пченицата, па сега да се бара да им се плати по 11, а не по 10, колку што е заштитната цена. Откупните претпријатија им платиле по 11 денари, не ма што разлика да им се плати, затоа што и таква премија не е ни предвидена со инструментите на економската политика во 1996 година. Затоа, нема правен основ за таква наплата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Вие баравте писмен одговор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, само една интервенција. Мислам дека министерот, изгледа јас не бев доволно јасен, и не бев разбран. Не се работи за пченицата за откуп на пченицата за 1996 година, туку за 1995 година. Прашањето е од вас одговорено. Се работи за пченицата од 1995 година така да тогаш заштитната цена беше 10 денари плус 2 денари премија. 1995 година тоа го имаше а не за 1996 година. Така да пченицата тогаш изнесуваше 12 денари, сосе премија. 10 откупната фена плус 2 денари премија. Нас земјоделците им е исплатена по 11

денари. Така да се работи за 1995 година. Втората работа по однос на првото прашање, рековте дека не постојат средства.

Во вашиот одговор вие имате доставено дека од 141 милион ДЕМ, заклучно со 30 август 1996 година, средства остварени по однос на приватизација односно трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, 86 милиони се платени со девизни заштеди; 34 милиони се со обврзници, што значи останува некаде околу 20 милиони ДЕМ кои што ги наплатиле во готово, во жива пара, како што велиме ние.

Согласно тоа, сметам дека Собранието требаше да донесе програма за примената на тие средства.

Затоа барам писмен одговор на второто прашање. Напоменувам дека се однесува за откупот на пченицата во 1995 година.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас би сакал да добијам дополнителен одговор, а прашањето кое го поставив уште во мај 1996 година, на кое ми е одговорено во декември 1996 година, а за кое пак имаме шанса да расправаме во февруари 1997 година. Очигледно третманот на пратеничките прашања, одговарањето нивно и динамиката на поставување е слаба или воопшто како и да не постои.

Имено, на 20 мај 1996 година поставив пратеничко прашање во врска со патниот правец М-5 Прилеп. Титов Велес преку Бабуна интересирајќи се за динамиката која Владата го предвидува за тој пат, како и средствата кои мисли да ги инвестира во изградбата на тој пат.

Само едно потсетување. Тој пат е започнат 1994 година а не како што стои во одговорот 1995 година. Кога се носеше програмата за

изградба на патишта во 1996 година, имајќи амандман на таа програма јас добив од министерот за сообраќај ветување од оваа говорница дека во 1996 година патниот правец М-5 Прилеп преку Бабуна до Велес ќе има апсолутен приоритет во Македонија. Тоа го кажа министерот на оваа говорница и со тие ветувања на некој начин се согласивме и амандманот не беше ни прифатен тогаш. Баравме префрлување на поголема сума на средства токму за тој патен правец.

Но, за жал, во 1996 година за тој патен правец се издвоија средства толку колку, ако од прилика со таа динамика се изведува изградбата на овој пат, би траела нека е 27 години изградбата. ДА напоменам ветувањето на министерот беше дека тоа беше година кога требаше најмногу средства да се издвојат.

Јас барам дополнување на овој одговор со следните податоци.

Да добиеме од Владата програма за динамиката на изградба на патот односно која година  како мисли, колку да инвестира и колкав дел од патот да заврши аз да ние жителите на тој регион кој што сега е отсечен со многу лоши патишта, знаеме ако ништо повеќе кога ќе добиеме квалитетни патишта, а дали ќе ги добиеме ќе видиме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Писмен одговор ќе добиете на дополнителното прашаше.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван потрпетседателе, министри, пратеници, поставив едно прашање до Министерството за стопанство дали ТИКО - Даеву возило ги

поседува атест за сигурност. Добив одговор, поширок одговор е дека доставени се барања до Министерството и после 20-тина атести нема атест за внатрешна сигурност на возилата.

Дополнително прашање поставувам дали е тоа пракса, ако не е се запазено во поглед ан атестите, дали е тоа нормално. Ако е тоа нормално, тогаш кој ја потпишал таа дозвола и дали е пракса да се даваат дозвола за продажба на возила ако не ги поседуваат сите сертификати за сигурност на возилото.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Писмен одговор ќе добиете

II/1.-ЛП/ОМ

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници и претставници на владата, изгледа моите пратенички прашања се формалност, бидејќи до ден денес, еве две години и нешто не сум добил никаков одговор, а имав прашања за неколку министерства. се работи за мојот електорат од изборната единица 120, каде живеат македонци, албанци, срби, роми и други, а е еден од најнеразвиените региони не само во скопско туку во Републикава, особено ридско -планинските и пограничните села како што се Блаце, Танушевци, Малино и Бреsно. Господа министри, Блаце е токму на граница со Косово, има само километар и нешто од Долно Блаце до Горно Блаце. Бласјани треба да ја поминат границата и да патуваат повеќе од 60 км. за да дојдат во Скопје, Чаир, преку Скопска Црна Гора и да стигнат во Блаце, кога можат и за неколку минути,' само километар ипол или два километри пат треба да поминат. Затоа, Ве молам, помогнете го тоа население таму.

Прашањето се однесува на неколку министерства, бидејќи е само едно прашање и тоа до Министерството за сообраќај и врски, Министерството за развој, Министерството за здравство и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Тоа би гласело вака:

Што е преземено досега за развојот на овој пограничен регион и што ќе се презема во иднина за да се стопира миграцијата. Верувајте, многу граѓани од тие села доаѓаат или се иселуваат, стануваат социјални проблеми токму за министерот Зибери, а можат одлично да се развиваат во своите села, бидејќи има со десетици хектари обработлива земја, шуми, имаат и пасишта, па да направиме нешто да ги задржиме во тој регион. се прашувам чии се тие граѓани, дали се граѓани на оваа Република што се оставени навистина на милост и немилост, и предвоената администрација, и воената, а за жал и демократската

администрација не сака веќе ни да слушне за овие граѓани кои живеат како во претходните векови, а може да се компарираат и со средновековието. Затоа, барам неодложен одговор барем овој пат и тоа што поскоро и да видиме што можеме заеднички. Тоа е прашање за сите овие министерства што ги спомнав тука.

Второто прашање е до Министерството за сообраќај и врски. Чаирското маало Дижонска е во градот, во Чаир, во многу непосредна близина на поштата во Чаир. Со години луѓето бараат телефонски приклучоци и не добиваат. Што е , дали е можно - министерот не е тука, тоа што побрзо да се реализира.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот Беџети.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ќе настојувам да одговорам на дел од поставеното прво прашање кое се однесува за ресорното министерство, поточно за Министерството за развој за споменатите села од страна на пратеникот.

Споменатите села имаат статус на ридско - планински села, согласно Владината одлука за поттикнување на развојот на неразвиените подрачја, а две од тие четири спомнати села имаат и статус на погранични села. Така што по двата основи законски се овозможува поттикнување на развојот. Имено, јас сум имал прилика лично да ги посетам овие села пред 3 месеци и жалам што г-динот пратеник не бил таму од поодамна за да види што се работи таму. Имено, во селото Малино и во селото Брезно во тек е реализирање на проекти за водоснабдување со вода за пиење, а истовремено се работи

и интензивно во делот на изготвување на проектот за изградба на патот до селото Малино и Брезно. Така што од аспект на развојот, освен што ги исполнуваат сите можни услови и предуслови за развој ,поттикнување на развојот, се преземени и конкретни мерки и активности за реализирање на овие активности.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Не е вистина дека не сум бил во селата горе, не дека сум бил, туку перманентно го следам тоа и верувајте господа дека повеќе амбасадори и претставници на дипломатскиот кор, претставници на УНПРЕДЕП и на ОБСЕ се присутни горе, отколку нашите министерства. Некни беше амбасадор во село Гушинце во непосредна близина на Малино. Селаните немаат видено поштар со очи, а камоли некој министер. Верувам дека бил министерот, но да се оди а да се направи нешто за селата е сосема друго. Да даде Господ тоа што го слушнав да се реализира, па да ги спасиме тие луѓе таму.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, многу прашања губат од својата актуелност и нормално е , што е, тоа е, тоа ни е принципот на работа. Ќе се задржам на оние штос е актуелни, две прашања од областа на културата и двете идентични и со една дилема.

II/4.-

Министерството за култура многу квалитетно, професионално си ја обавило својата задача. Имено, се работи за ненаменско користење на два објекти во Тетово, едниот познат како Стара Бања или Амам, а другиот дел од комплексот Арабати Баба Теќе , првиот издаден под наем како угостителски објект, а вториот узурпиран од Бектешката заедница. И во двата случаи, да не Ве заморувам многу, Министерството за култура нормално известува дека преку сите можни истанци во државата се донесени извршни решенија од соодветниот Општински суд во Тетово. Последното извршено решение е доенсено на 22.о3.1996 година и во одговорот стои објективно "до овој момент не е спроведено", значи до овие денови. Слично е и со другиот објект.

Потпрашањето на ова прашање е: веројатно на ова Министерство му треба соработка, му треба помош сега од други ресорни министерства кои заеднички ја сочинуваат Владата и практично го сочинуваат тимот. Би инсистирал практично другите министерства, во чии компетенции и натамошна надлежност е овој проблем да го разрешат. Тоа е до Култура.

Во однос на образованието имав повеќе прашања од кои повеќето се надминати веќе, депласирани, ќе се задржам само на две. Едното е поставено на 26.о9, а се однесува на тоа зошто долго време не се назначува директор на Педагошкиот завод на Македонија. Не сум задоволен од одговорот дека се прават напори за разрешување на овој проблем, дека се прават повеќе консултации. Мислам дека за оние кои се информирани овој Завод нема директор повеќе од година ипол и мислам дека ако веќе има консултации и разговори треба и Републичкиот педагошки завод да си добие свој одговорен старешина.

II/5.-

Другото прашање го поставив на 26.о9., после Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија која што со тоа е конечна, а се однесуваше на начинот на водењето на педагошка евиденција, која Уставниот суд ја прифати и донесе Одлука дека во Законот постои неуставна одлука . Министерството зеде обврска дека во најскоро време ќе биде донесен поздаконски акт, кој што во согласност со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија ќе го разреши ова прашаше кое сеуште е актуелно и практично се спроведува една противуставна одлука.

Во договорот стои дека Министерството има многу обврски, подзаконски акти, во една сфера 16, во друга 19, што за мене како пратеник не може да бидат одговор за она што е актуелно и затоа во сите тие активности треба да се издвојуваат оние што значат одлуки ан врвните судски истанци за кои и денес бевме сведоци дека добивме позитивно мислење , дури и епитет и од претседател на една соседна држава дека имаме конституирана судска власт или судство. Мислам дека не е пријатно практично тука со примери ние како граѓани на оваа држава да укажуваме на нешто спротивно, за кое добиваме сатисфакција што на сите ни годи и ни причинува задоволство. Мислам дека овие работи, особено последната, мора да бидат актуелни за секое министерство, за да потоа не ни се случуваат пост - пестум работи со кои многу потешко можеме да се справуваме, а најмалку можеме да ги браниме или оправдуваме, ако што се овие денешниве и десетдневните случувања , но за нив друг пат. Останува мојата желба двете извршни решенија да се реализираат и Министерството за образование да го донесе тој толку очекуван подзаконски акт.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дополнителни прашања немавте, Вие ја искористивте можноста за поширока експликација.

Сеуште сме на дополнителни прашања врз основа на добиените одговори од Владата.

Има збор господинот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, токму поради тоа што е многу старо сакам да го повторам прашањето. Инаку, во европските парламенти одговорите се добиваат веднаш или за два три дена. Прашањето е поставено во 5-ти месец, добиен е одговор во 11-ти месец, а еве имам можност потпрашања сега во втори месец да сподавам, така што тоа покажува колку сме неефикасни во некои работи. Тоа важи и за Парламентот и за Владата, мислам дека сме неефикасни како власт извршна и парламентарна.

Инаку, прашањето се однесуваше на ефикасноста на користењето на кредитната линија за мали и средни претпријатија, одобрена од Европската банка за обнова и развој. Јас го поставив тогаш и по интервенција на Комисијата која ја водам за економска политика и развој, времето за развој е најбитна работа. Ние ако немаме сопствени средства и земаме кредити, мораме навистина ефикасно да ги користиме, а во спротивно нема шанса за развој. Ние како Комисија тоа го потенцираме тоа навистина по втор пат дека ние не обрнуваме внимание на времето. добивме одговор дека од 30 милиони одобрени средства од оваа банка банките повлекле само 7,33 милиони. Значи скоро за една година од 30 милиони повлекле од Европската банка за обнова и развој само 7,33 милиони. Значи, крајна неефикасност на банките. Тоа е загрижувачко и

мислам дека треба да се поведе сметка за оваа работа. Како што реков нас не интересира времето, бидејќи времето е многу одминато, прашањето е уште актуелно, јас ќе го повторам истото како што сум го поставил тогаш, прашањето останува исто - ефикасност, бидејќи е време, прашањето е исто од сегашна инстанца да се одговори сега каква е состојбата. Ако било тогаш 7,33 милиони, сега да видиме колку е тоа и дополнително ќе поставам што се презема против таквите банки, што презема Владата против таквите банки.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг од пратениците сака да постави дополнително прашање врз основа на одговорите на пратеничките прашања?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас имав поставено повеќе прашања, пред Нова Година добив 19 одговори, од некои сум задоволен, од некои не сум.

За министерот за финансии имав поставено едно прашање што се однесуваше на следното: Дали со заробени девизни средства земјоделците можат да го плаќаат пензиското и здравственото осигурување. На ова прашање наместо договор добив еден мал исечок од Законот со кој нашата држава им гарантира на штедачите дека ќе им ги враќа тие заробени девизи и како и на кој начин можат да користат дел од тие средства. Господа министри , сопствениците на девизи овие права ги знаат добро. Јас прашав дали со тие заробени девизи може да се плати придонесот за пензиско и здравствено осигурување. Зошто ако

со заробени девизи може да се купуваат коли, да се школуваат некои деца во странство и ред други погодности, зошто со тие девизи да не може да се плаќа пензиското осигурување на земјоделците. Од ова прашање не сум задоволен и барам конкретен одговор може или не може.

Второто прашаше се однесува за министерот за труд и социјална политика г-динот Насер Зибери. Не сум задоволен од одговорот на прашањето за судбината на селаните кои подолго време плаќаат придонес за пензиско осигурување врз основа на Законот за доброволно пензиско осигуруваше. 0вој|-закон е укинат од поодамна и скоро 5 години нашиве земјоделци што плаќаат пензиско осигурување не го плаќаат ова соигурување. Јас добив одговор на ова прашање од Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа од тој одговор не сум задоволен и мислам дека Фондот аз пензиско осигурување треба што поскоро да ги изготви тие акти за кои што Министерството дава одговори во ова прашање.

Инаку, да потсетам, многу селани кои го плаќаа доброволното пензиско осигурување денес не се меѓу живите. Дополнително прашувам кога се очекува Фондот за пензиско осигурување да ги донесе своите акти за да можат земјоделците да продолжат со пензиско осигурување или пак овие средства што досега ги вложија и тие ќе одат во купот на заробени пари од страна на државата.

III/1 РД/ЛБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ** : (продолжение)

За министерот Бекир Жута имав поставено две прашања.

Едното се однесуваше за тоа кога селата Новаци и Добромири и уште многу села што се наоѓаат во непосредна близина на РЕК Битола ќе добијат квалитетна електрична енергија.

Второто прашање беше дали селата што се наоѓаат околу овој најголем комбинат за производство на електрична енергија во нашава држава имаат право да плаќаат поевтина електрична енергија, како тоа се прави во другите европски земји.

На прашањето кога селата од сегашнава новачка општина ќе добијат квалитетна енергија, ми одговорија дека село Новаци има поставено електрична енергија пред 40 години. Министре јас тоа го знам, јас сум од село Новаци. Јас прашав кога Новаци и другите села ќе имаат електрична енергија, односно енергија како што му прилега да ја има сега денес, а не енергија што личи на кандилско осветлување.

На второто прашање добив одговор дека сите граѓани на Република Македонија во сегашниот систем имаат исто право. И тоа го знам, меѓутоа, не знам дали сите граѓани од РМ се однесуваат, односно ги трпат штетите од работата на електраните во Кичево и Битола , како што ги трпат тие штети селаните што се наоѓаат околу овие места. Значи, дополнително сакам да каже министерот можат ли селаните од сегашнава Новадска општина, а би го поставил прашањето и за граѓаните околу Осломеј да плаќаат поевтина електрична енергија. Мислам дека знаете зошто?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали Владата ќе одговори на дополнителното прашање? (писмено)

Дали уште некој бара збор во врска со дополнителните прашања?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Имав поставено прашање до Министерството за надворешни работи, за следната проблематика. На границите на РМ спрема Албанија, Бугарија, Грција и Србија на граничните столбови, стои од страна на другата граница името СФРЈ. Ние имаме уставно име, сме суверена самостојна држава, призната во 00Н, па ме интересира кои се причините, односно пречките да се склучат меѓудржавни договори со соседните земји, за да навистина оваа земја си го добие правиот територијален интегритет и да не се овие работи уште вака како остаток, мислам го рушат ликот на државата и би сакал да добијам поопширен договор, дали е разговор по ова прашање со соседите и кои се причините што не се склучени релевантни меѓународни договори , онака како што се решаваат меѓународните правни државни прашања.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара да постави дополнително прашање. (не)

Поминуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор г-динот Костаќев.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

И овој пат моето пратеничко прашање ќе биде во врска со земјоделието. Актуелен проблем за земјоделците од поранешната општина Гевгелија, а би рекол и пошироко за земјоделците од југоисточниот регион на државата е откупот и пласманот на раноградинарските култури, а во овој момент за зимската зелка. Се очекува оваа година родот да тежи над 20 илјади тони. До денешен ден нема откупено ништо, а само за споредба ланската година до ова време беа откупени 50% од целокупната количина на зимската зелка. Кои се причините познато ни е на сите. Познати се причините на самите

земјоделци, но се бара излез од ваквата состојба. Према нивно видување и према мое видување, излезот е само во извозот на зелката, бидејќи само поранешната општина Гевгелија има под 10 кгр. на секој жител на РМ. Но за да бидат заинтересирани трговците што работат со зелена стока, извозот неминовно треба да биде врзан со увозот. Се извезува раноградинарски производи како храна, да се дозволи увоз на храна која е дефицитарна кај нас, како што се сувомеснатите производи, јужното овоштие и сл.

Од тука, се поставува прашањето дали Владата на РМ , односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да донесе одлука, или некој друг акт со кој ќе биде дозволено извоз на раноградинарски култури, како прехранбени артикли, врзани со увоз на прехрамбени артикли, кои се дефицитарни кај нас. Земјоделците, поточно трговците кои работат со зелено, би биле задоволни , ако им се дозволи само 50% од ефективно остварената наплата во девизи преку Народната банка- да бидат ангажирани за увоз на таква стока. Прашањето се однесува до Владата, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство. Мислам одговор очигледно не може да се добие, ако не може тогаш ќе се одговори писмено.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа министри, почитувани колеги,

Во општина Кочани во минатата година е произведено околу 18 илјади тони ориз. Иако поминаа 4-5 месеци, до денес е пласирано од 20-25% од произведените количини. Значи останува на залиха 13-14 илјади оризова арпа. Прашањето е следно: Што мисли да преземе Владата да помогне на земјоделците од овој крај за поуспешен пласман на оваа култура, со оглед на фактот што земјоделците немаат обезбедено како резултат на немање на пласман на ориз ни минимални услови за пролетната сеидба, услови за можност за наплата на водниот надомест,

како и она основното услови за егзистенција за иститe. Имам незванични информации дека Владата остварува преку одделни министерства одредени контакти со одделни земји во регионот, во врска со изнајдување на можност за пласман на ориз, па прашувам дали е ова точно и до колку е кои резултати се досега остварени? Би сакал да имам писмен одговор бидејќи, не го гледам министерот за земјоделство.

Второто прашање, во јавноста, во Кочани е присутна една информација која досега никој не ја негира , а би треба од ова место таа или да се потврди , или негира, а тоа е дека во нашата држава е увезена одредена количина на ориз. Прашањето е следно: Дали ова е точно, кој правен субјект го има увезено оризот, кој има дадено дозвола, каде е во моментот увезениот ориз, дали е истиот реекспортиран во друга држава, или е во нашата земја?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој од Владата ќе одговори на ова прашање? (писмено).

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Претходните колеги поставија прашање во однос на земјоделските производи, а исто и јас такво прашање би поставил и исто би постапил како нив, што мисли да преземе Владата, бидејќи тие се искажаа за раноградинарските култури, за зелката, за оризот, а прашањето јас кое ќе го поставам се однесува за јаболката, но тоа требаше да се постави пред два или два ипол месеци, но бидејќи немавме тогаш прашања, сега ќе го модифицирам, бидејќи настанаа одредени активности од страна на Владата.

Родот на јаболката, како претходната, така и оваа година беше доста богат, но во меѓувреме со преземањето од страна на Владата одредени активности, пред се, спогодбата со Сојузна Република Југославија и слободен промет, односно олеснување со Бугарија и

Албанија, не беа доволни од нивните политички причини да се изврши пласман на јаболката. Тргнувајќи од макроекономската политика и неможноста на Собранието да се расправа метод преку пратенички прашања , во контакти со Владата беше преземено , односно разгледано на самата седница на Владата информација за родот и пласманот на јаболката по барање на самите овоштари, здружението на овоштарите , тргнувајќи од макроекономската политика, како што истакнав, доколку имаат одреден отежнат пласман по одредени земјоделски производи е задолжена да преземат соодветни мерки за олеснување на тој пласман . Затоа би сакал да го повторам пратеничкото прашање конкретно: Дали се спроведуваат од страна на владините министерства и надлежните министерства заклучоците кои се предложени и усвоени на самата Влада за пласманот на јаболката од реколтата 1996 година, и едно друго прашање , дали Владата смета дека во еден период на еден пласман кој што е тежок , мисли да преземе одредени други мерки пред се, дали Владата смета дека е потребно да воведе извозни стимулации, односно извозните стимулации кои се предвидени за јаболката да ги изедначи со извозните стимулации кои се предвидени во владината одлука со грозјето.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Во врска со поставеното прашање од пратеникот Гештаковски следи следниот одговор. Точно е дека кога настана проблемот со пласманот на јаболката Владата расправаше по тој проблем. Расправајќи по тој проблем, донесе одредени мерки. Едната од мерките беше за да се увезува јужно овошје еден према два да се јаболката ви за ви јужното овошје. Тоа значи два кгр. за еден кгр. увоз на јужно овошје, со исклучок на лимунот.

III/6

Второ, се воведе прелевман на јужното овоштие , затоа на некој начин се поскапува визави јаболката на пазарот, за да потрошувачката на јаболката на домашниот пазар ја стимулира ви за ви јужното овоштие. Ако се поставува прашање Владата дали има информации, дали се применува? ! Ние немаме информации дека не се применува. Ние имаме информации дека се применуваат мерките кои се донесени од страна на Министерството за земјоделие кое ги издава тие дозволи, за да може некој да остварува право на увоз треба да обезбеди извоз во соодност 1:2 за да го остварува тоа право на увоз. Прелевманите при секој влез на граничниот премин тие се наплатуваат за увезените количини во функцијата за која ја објаснив.

Има уште еден аспект прашањето што беше покренувано во врска со извозните стимулации. Мислам дека од тој аспект прашањето гласеше дека дали е можно и дали има спремност Владата да утврдува извозни стимулации за јаболката, за на тој начин да го забрзува извозот на јаболката. Буџетот го утврди овој Парламент во тој поглед и знаете дека само 150 милиони денари се предвидени за стимулации и ако се има предвид колку беа правата во основ на стимулации во 1996 год, кои беа предвидени 385 милиони, а се префрлени преку 450 милиони, можете да имате претстава што значат тие 150 милиони и дека Владата одлуката за стимулираше на извозот на земјоделските производи која се применување во 1996 година, ја отфрлија од употреба, со тоа што барало надлежното министерство да ги одбере само оние стоки кои се најнеопходни, без кои, мислам без стимулација, нивниот пласман се доведува во прашање а тоа е јагнето и слично на тоа. А износот на средствата е навистина ограничен, не затоа што некој така сака,туку дека така мора да биде.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Претпоставувам дополнително објаснување или прашање.

III/7

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Прво недополнително прашање, бидејќи смислата на деловниот и на пратеничките прашања е пратеникот после одговорот да се изјасни дали е задоволен или не, па потоа дали дополнително прашање, или ќе бара расправа од Собранието.

Во основа морам да искажам дека сум задоволен од прввиот дел Мене ми е јасно дека Владата реагираше на овој проблем, согласно макроекономската политика и де јуре ги донесе актите. Тоа е актот за врзувањето за извозот и актот кој е објавен во Службен весник за воведување на прелевмани и тој дебаланс меѓу јаболката и јужното овошје е создаден на нашиот пазар. Барам од надлежните министерства да ми се одговори дали се спроведуваат другите заклучоци кои се по точка четири и пет, пред се, од однос оној најважниот момент, дали надлежните царински служби, и на министерството, постапуваат согласно заклучоците на Владата и према нивни сознанија дали се води контрола, бидејќи требаше да се" извршат одредени контроли на увоз на јужно овошје без добиени претходни дозволи. И тоа мислам дека ќе ми се даде по писмен пат.

Што се однесува до извозниот стимуланс мене ми е јасно дека во Буџетот ние предвидовме 150 милиони, но морам да кажам затоа и по тој дел од Владата да ми се даде писмен одговор, бидејќи за приходниот дел за буџетот не беа влезени прелевманите за јужно овошје, што врз основа на добрите познавачи на таа проблематика и пред се, на здружението на земјоделските производители, овоштари од Стопанската комора се предвидува некаде по износот кој е воведен со одлуката за прелевмани во буџетот да влезат 10-15 милиони марки.

Не е смешно потпретседателе, ако ја знаете вие состојбата. Македонија троши 30 илјади тони јужно овошје, врз основа на увозни декларации кога немаше прелевмани, а кога се воведоа прелевмани Македонија претпоставка е да троши 15 илјади тони јужно овошје. И

самите вие додајте му на тие 15 илјади тони јужно овошје некаде 60-70 пфенинзи  односно 10-12 денари . Најпроста пресметка е ако надлежните служби си ја водат пресметката, вие пресметајте колку 1се влезат прелевмани во Буџетот. Петнаесет илјади тона ако е една марка прелевман, петнаесет илјади марки. Дваесет илјади тона тука е 10-12 илјади марки кои можат, тука е и проблемот на Владата и тие заклучоци, да формираат фондови за земјоделие, фондовско во комора или при надлежното министерство да служат за чистата намера, за извозни стимулации, премии или субвенции и слично.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (продолжение)

Мислам дека тој начин и другиот начин на премиите, кога сакаат да сте тука, ние ја предвидуваме за грозјето 14%, меѓутоа не го знаеме родот. Подобро е, морам да ви кажам, да има 15 или 20% на јаболката или да нема, да мислам дека тоа е друга тема.

Барам писмен одговор во тој дел од Владата во однос на новиот приходен дел во ставката на Буџетот во делот на премии.

Благодарам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Првото мое пратеничко прашање ќе биде до МВР. Имено, поминуваат веќе три години од случајот за наша сограѓанска која живее времено во Шведска, се работи за г-ѓа Благица Златева, затоа што нејзиното дете кое се наоѓа во Тетово и после правосилната одлука на Врховниот суд, трета година не може да се најде детето. Прашањето е до Министерството аз внатрешни работи, кога мисли МВР да овозможи да се види детето, бидејќи испаѓа дека детето е киднапирано во Македонија. Се знае дека е во Тетово, но службите затајуваат во МВР во општина Тетово.

Второто прашаше е до Министерството за врски и сообраќај, кога мисли да почне со изградбата на регионалниот пат Свети Николе – Кемањци – Куково - Пробиштип. Бидејќи поминуваат веќе 7 години, влезен е во Програмата, од кои причини не се гради, не е познато.

Третото прашање исто така е до Министерството за сообраќај и врски, кога мисли Министерството односно фондот за патишта да го гради локалниот пат Лозово - село Милино.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој од Владата ќе одговара, или ќе дадете писмен одговор.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Чокревски.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Не сум во состојба да дадам директен одговор за конкретно прашање, за конкретен случај. Ќе испитаме кои се нашите надлежности што е проблемот и многу брзо пратеников ќе добие одговор. Вакви поединечни случаи ги има во поголем број и тешко е веднаш да се одговори. Мислам, не би сакал да одговарам нешто на памет или нешто што не е. Бидејќи не ми е познат случајот и да бидам до крај отворен за случајот дознав пред два-три дена и даден е налог на соодветните служби да видат во што е надлежноста на МВР кои работи можеме ние да ги направиме ќе имате одговор, а ќе има и решение на проблемот доколку работните лежат кај нас.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

На второто прашање писмен одговор.

Има збор г-динот Мирко Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господа министри,

Моето прво прашаше се однесува на Законот за територијална поделба на РМ и е упатено до Министерството за правда.

Со најновата територијална поделба на РМ формиран е општина Теарце. Во нејзиниот состав има повеќе населени места, а конкретното прашаше е: Зошто населеното место Отушиште во составен дел на селото Теарце со повеќе од 200 куќи и повеќе од илјада. жители не е

одбележано со своето вековно име, со она што опстојувало културно и територијално. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за сообраќај и врски. Западната магистрала на железничката линија Скопје - Кичево е една од најнеобезбедените. Најлоша црна точка на сето тоа необезбедување е делот од Јегуновце до Гостивар т.е. до почетокот на делот од планината Бистра према овој дел. Во последно време, а и од секогаш се случуваат многу сообраќајни несреќи и тоа се од човечки фактор. А, што е тоа човечки фактор? Необезбедување на крстосувањата на железничката линија со патните правци. Зошто Јавното претпријатие или пак железницата или не знам кој би бил, затоа го упатувам прашањето до Министерството за сообраќај и врски не ги врши своите работи во обезбедување на овие патни правци.

Сметам дека уште едно додатно прашање е тука, дали е во можност железницата да изврши дислокација на железничката постројка во село Ратае да се наоѓа на влезниот дел од селото, не на излезниот бидејќи со тоа би допринело за позабавено одење на железничките машини и постројки кои се движат на овој дел.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Претпоставувам писмен одговор, со оглед на тоа дека министерот не е тука.

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Едно кусо и конкретно прашање, го имам поставено пред 11 месеци, но не добивам одговор и сега ќе го искористам правото да го повторам. До Владата, веројатно МВР, директно. Врз основа на кој закон,

подзаконски акти или други акти, или врз основа на кои нормативни или традиционални норми се впишуваат имињата на населените места во документите на граѓаните на РМ, пасоши и лични карти, доколку тие населени места сега не се наоѓаат во составот на РМ. Врз основа на која традиција или закони Министерството ги впишува имињата на населените места во овие званични документи на РМ.

Второ, врз основа на кои уставни или законски одредби е донесен акт со кој МВР, а сега и Министерството за надворешни работи користи симбол, како званичен симбол на Министерството односно го втиснува и на официјални документи на РМ, пасош. Да не го опишувам симболот, го знаеме, некој птици се таму. Врз основа на што ги имаат донесено овие акти.

Доколку е можен усмен одговор, би го прифатил.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали усмено ќе се одговори на поставеното прашање?

Ќе се достави писмен одговор.

Има збор г-динот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас имам три прашања. Првото се однесува до министерот за урбанизам и градежништво и заштита на животната средина и министерот за финансии, истовремено, и барам писмен одговор.

Со оглед дека градежништвото се наоѓа во доста тешка положба, тоа сите го знаеме, нели, ме интересира дали државата има неизмирени долгови кон градежните претпријатија и ако има такви долго- ви на кое претпријатие колкав износ?

Второто прашање се однесува до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и министерот за стопанство, исто писмен одговор.

Патот Скопје- Самоков беше влезен во Програмата за 1996 година, но таа програма скоро ништо не се реализира. За две години ќ"е почне да се полни езерото Козјак. Тоа ќе потопи дел од патот околу 28 километри и некои села. Сеуште не е започната експропријацијата и обесштетувањето на жителите од овие села и нивно преселување. Прашувам што презема Владата за реализација на овој проект.

Третото прашаше е до Министерот за финансии, ова може и усмено да се одговори, кога ќе се исплатат средствата за локалните избори согласно Законто за локални избори. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

На првото прашање ќе добиете писмен одговор за да ги имаме точно претпријатијата што ги барате, а за последното прашање средствата за локалните избори, мислите на партиите што треба да ги добијат, тие треба да ги добиете од општинските буџети на сите општини. Се поднесува соодветно барање до секоја локална самоуправа, има во законот за избори и мислам дека не се овие средства предвидени да се сервисираат од Републичкиот буџет.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

На другите прашања писмено ќе биде одговорено, такво беше барањето.

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, замолен сум од делегација на млади невработени психолози и социјални работници на министерката за образование да и го поставам следното прашање. Кои се причините

поради кои оеуште не се реализираат одредбите од Законот за средно образование и Законот за основно образование за ангажирање на стручни соработници, посебно социјални работници и психолози.

Образложение: Според членот 66 од Законот за основно образование и членот 59 од Законот за средно образование воспитно-образовната дејност во основното односно во средното образование ја остваруваат наставници, воспитувачи и стручни соработници, во кои влегуваат меѓу другите педагози, психолози,дефектолози и социјални работници.

Доколку има можност прашањето да се одговори усмено, ако не во писмена форма.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали Владата ќе одговара усмено?

Писмен одговор.

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Сакам да поставам две прашања, првото прашање е до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина, а се однесува на најновите информации кои се проширени низ медиумите во врска со продажба на градскиот трговски центар. Имено, во поново време постојат информации дека градскиот трговски центар ќе се продава парче по парче, односно дел по дел. Па, прашањето би гласело: кои и врз основа на кој законски акт донесол одлука продажбата на градскиот трговски центар во Скопје биде парче по парче односно дел по дел.

Образложение: Пред 6 месеци бевме сведоци кога Владата на РМ преку јавното претпријатие за стопанисување со јавниот простор формира акционерско друштво односно Управен одбор на тоа акционерско друштво со овластување за продажба на градскиот трговски

центар Скопје во согласност со законот за продажба на јавен простор. Градскиот трговски центар претставува еден јак економски центар како за Скопје така и за Републиката. Вредноста му е некаде околу 230 милиони марки и ваквиот начин на продажба кој е очигледно вон некакви законски одредби не само што ги збунува граѓаните кои имаат намера или кои влегле со некакви акции при купувањето на ГТЦ, доаѓаат одредени забуни и би замолил ако може да се одговори усмено на оваа седница.

Второто прашаше е до Министерството за финансии, а се однесува за фондот на средства од Буџетот на РМ во 1996 година наменет за изградба на водовод односно водоводи во РМ. Имено, према информации од Министерството за урбанизам и градежништво, Министерството за финансии не исплатило вредност или сума од 41 милион денари на име на изградба на започнати водоводи во Републиката. А, прашањето би гласело кога има намера Министерството за финансии да ги достави или да ги префрли средства^а кои се наменети според Буџетот од 1996 година за изградба на започнати водоводи во Републиката.

Образложението е јасно со оглед на фактот дека постојат многу започнати водоводи кои не се завршени, а за кои треба средства. Секако дека и овие средства се неопходни, потребни за изградба на тие водоводи.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали Владата ќе одговори усмено.

Писмено ќе одговори.

Има збор г-динот Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас ќе се обидам да го поставам повторно некое прашање и прашања кои што досега се неколку пати поставени.

IV/8.-

Прво, сеуште не ми е одговорено на пратеничкото прашан»е поставено во мај месец 1995 година, па се надевам дека до мај месец 1997 година кога ќе полни две години ќе има шанси да добијам одговор на тоа прашање. Прашањето нема да го повторам би сакал да се најде во материјалите, бидејќи тоа стои. Ќе чекам упорно додека не го добијам одговорот.

Исто така сакам да потсетам дека сеуште немам добиено одговор на прашањето за средствата кои беа потребни одобрени од Владата на РМ за помош на Битола и регионот за оштетување од земјотресот во 1994 година. Имено, имав одговор, имав забелешка на одговорот, од министерот добив ветување дека ќе добијам дополнување на одговорот, но за жал веќе повеќе месеци поминаа, а дополнување на одговорот нема.

Сакам да прашам кога ќе добијам одговор на прашањето кое го поставив во врска со неслагањето на бројките на невработените лица во Битола во извештајот што го добивме од Владата како Собрание и во извештаите што ги добиваме редовно како пратеници од надлежните служби за вработување. Се работеше за отстапување преку 60% во бројките. За жал и на тоа прашање веќе повеќе месеци немам добиено одговор.

И на крајот сакам да потсетам дека сеуште немам добиено одговор на прашањето кое го поставив од оваа говорница во врска со степенот на задолженоста на РМ по структури и по време на задолжување и по време на раздолжување, динамика на раздолжување и можни средства за раздолжување, извори на средства. За жал тогаш од потпретседателот на Владата бев наречен дека тенденциозно поставувам прашање, но фактот дека повеќе месеци чекам одговор на ова прашање многу ме загрижува бидејќи ако е се во ред, ако не сме многу задолжени, зарем вистина ќе треба толку многу време да се набројат сите задолжувања што ни стојат како држава.

Благодарам.

IV/8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Писмен одговор.

Има збор г-дин Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, господа министри, почитувани колеги,

Првото мое прашање се однесува до министерот за здравство, а поточно се работи за дистрибуција на лекарства. Како што знаеме лекарствата ги користат сите социјални групи, сите граѓани на РМ. Со воведување на позитивна листа или листи се удри директно по џебот и стандардот на социјалните случаи, пензионерите и стечајците. Отворањето на приватните аптеки во РМ го зголеми асортиманот на лекарствата и тоа е една голема позитивна страна со приватизација, се зголеми асортиманот а се намали можноста луѓето корисници на лекарствата во државните, односно општествените аптеки да не можат да дојдат воопшто - до лекови кои се на позитивната листа, а истите тие лекови многу лесно може да ги набават во приватните аптеки каде мора да се плати во готово.

V/1 СП/НД

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:** (Продолжение)

Во Скопје, информиран сум, од прилика месечно се дистрибуирањето од позитивната листа на лекарства во вредност од околу 1 милион ДМ. Нека не ми забележат за точноста на оваа информација меѓутоа, граѓаните тешко или воопшто не доаѓаат до тие лекови во градските аптеки. Се поставува прашање каде се тие лекарства, а ги наоѓаме во приватните.

Прашањето е следново: Што направило и што мисли да направи Министерството за здравство за да овие господови патишта ги прекинат и граѓаните во градот Скопје и во Република Македонија дојдат до лекот кој им треба кои се на позитивна листа.

Второто прашање се однесува до Министерството за правда. Еднаш прашав, пак ќе повторам прашањето е што прави и што ќе направи министерот и Министерството за правда за да ги подобри условите на работа на судовите во Македонија. Јас важам за човек кој не е пргав и овие денови направив една посета во Основниот суд во Скопје и констатирав дека ништо не е направено во врска со подобрувањето на условите за работата на судовите во просториите каде што работат судиите, во просториите каде што се суди и во просторот каде чекаат граѓаните за да ги остварат своите права.

Уште еднаш го конкретизирам своето прашање што мисли министерот и Министерството да направат за да овие услови барем ги подобриме. На претходниот одговор на прашањето министерот не одговори директно на прашањето, туку зборуваше околу зградите. Мислам дека прашањето е конкретно за условите кои се во самите простории.

Третото прашање е до Министерството за сообраќај и врски што се очекува и што се прави дефинитивно магистралниот правец односно локалниот пат од Ново Село до Волково до крај да се доправи и прошири, бидејќи тој пат, малку ќе споредам како V-та авенија во Бујорк во однос на сообраќајот. Веќе се направени тротоарите каде се движат граѓаните, меѓутоа коловозната лента не одговара ни на еден стандард, а тука се движат дневно стотици автобуси кои превезуваат патници во тој дел на градот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Претпоставувам дека писмени одговори ќе бидат со оглед на тоа што министрите на кои им поставивте прашања се службено отсутни.

Има збор господинот Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сакав да поставам две прашања.

Првото прашање е дали Владата на Република Македонија предвидува создавање на слободни царински зони.

Второто прашање е кои активности ги презема Владата на Република Македонија за поддршка на зголемување на извозот?

**БЕКИР ЖУТА:**

Не само што предвидува, туку се обидува да ги реализира. Вие знаете дека во фаза на реализација е со Словенија, во фаза на реализација е со СРЈ, овие денови треба да се склучи договор со Република Хрватска, тоа е зрело да се склучи со Бугарија, меѓутоа, од познати причини стои каде што стои, понудата е направена на Република Албанија, но исто така од познати причини тој не трга напред, а вие сте

информирани со претставниците на ЕФТА уште од 8 октомври 1996 година првата средба беше во Охрид, втората средба беше во Сингапур и некаде април мај треба да дојдат повторно ваму за да се склучи договор со земјите на тој регион членки на ЕФТА. Исто така понудата е направена за земјите членки на организацијата на ЦЕФТА, меѓутоа, таму има една формална пречка дури да се зачлениме во Светската трговска организација не можеме таму да склучуваме директни договори, така што тој процес тече.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитуваш колеги. Сакам да поставам две прашања за една работа која деновиве беше и во дневниот печат на Република Македонија, а прашањата ќе бидат до Министерството за образование и физичка култура и до Министерството за сообраќај и врски, а тоа прашање може да биде и за Министерството за одбрана.

Имено, се работи за една населба во новоформираната општи] Старо Нагоричане наречена Тариновац која се наоѓа буквално на самата граница со СР Југославија. Населбата од своето село е оддалечена 5 километри, има над 120 жители, електрична енергија добива од СР Југославија, плаќа ТВ претплата на СР Југославија, учениците учат во СР Југославија и немаат никаков пристапен пат до Република Македонија а се граѓани - државјани на Република Македонија.

Околу електричната енергија деновиве се во подготвување договори со Електродистрибуција Врање надоместокот за електрична енергија се плаќа на Електродиструбуција Куманово. Меѓутоа, учениците од оваа населба, а ги има некаде околу 22 ученица секојдневно одат и учат во СР Југославија. Два пати дневно ја поминуваат границата со СР

Југославија, поминување на границата на иста начин го правата и возрасните и секојдневно има инциденти, бидејќи тоа поминување е нелегално. Меѓутоа, учениците одат и учат, бидејќи училигатето од ова населба во СР Југославија е оддалечено само 1 километар, а за да дојдат во училиштето во село Алгуњат треба да поминат 5 километри по па кој веќе оваа година не постои.

Прашањето е дали е можно Министерството за образование и физичка култура во оваа учебна година во самата населба отвори комбинирана паралелка за ученици од I до IV одделение, бидејќи се граѓани на Република Македонија и треба тука да се образуваат, а за ученици од V до VIII одделение се обезбеди сместување во регионалниот интернат за подрачје Козјак во село Драгоманце.

Второто прашање во 1995 година заедно со Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта пробивме пат до оваа населба и тој пат требаше во овие години да биде песочен за да може ова население по најнеопходните продукти доаѓа во своја матична држава, а не секојдневно илегално да ја поминува границата.

Во 199 6 година од страна на УНПРЕДЕП користејќи ги нивните тешки возила патот е доведен во таква состојба што никакво превозно возило не може да се движи.

Прашањето е до Министерството за сообраќај и врски и до Министерството за одбрана дали е можно овој пат да се доведе во таква состојба каква беше во 1995 година, а потоа истиот да се опесочи за да граѓаните од оваа населба ги симнат секојдневните проблеми со нелагално поминување на граница меѓу Македонија и СР Југославија, бидејќи министрите не се тука сигурно во писмена форма ќе биде одговорот.

V/5

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, 199 6 година пролетта се случи болеста лигавка и шап во неколку региони во нашата држава. Заради оваа болест многу возила со рано-градинарски производи беа вратени од хрватската граница. За сите овие возила беше направен записник и беше констатирано со колкава количина се вратени овие возила пак во нашата држава и беше ветено од страна на Министерството за земјоделие дека ќе се изврши надокнада за производството кое беше наменето за хрватскиот пазар.

Прашањето е до Министерството за земјоделие кога ќе ја исполни ветената обврска спрема земјоделците кои имаа стока наменета за извоз во Хрватска.

Во тој дел уште едно прашање до Министерството за земјоделие што се прави со актуелниот проблем за извоз на јагнињата кога во моментот се знае дека не можеме да извезуваме во Европската заедница дали во меѓувреме се бараат други пазари за пласман на јагнињата?

До Министерството за сообраќај и врски имено 1996 година со програма на Владата се делеа средства за градба на магистралниот пат Штип – Радовиш - Струмица во висина од 170 милиони денари. Оваа делница во текот на 1996 година има изградено само околу 2 километри пат. Со кое право другиот дел од средствата се пренаменети на други патишта.

Прашањето е до Министерството за сообраќај со кое право останатиот дел од овие 170 милиони денари одредени од страна на Владата се пренаменети за други патни правци.

Четврто прашање потсетувам на собранискиот заклучок од 1996 година што се донесе по расправата за пласманот и откупот на раноградинарските производи. Имено, во еден од заклучоците беше увозот на сувомесните производи да биде врзан со извоз на раноградинарски производи. Врз основа на барања на земјоделците од регионот каде се произведува јаболка се донесе одлука на Владата овој увоз заради извоз се врзе 1:2 и со контингенти, како што слушнавме, зошто сега собранискиот заклучок не се спроведува или Владата заборави на овој заклучок дека треба и за овој дел од Република Македонија односно производителите на раноградинарските производи да бидат опфатени со една ваква одлука.

Петто прашање до Министерството за сообраќај и врски конкретно до Македонската телевизија деновиве имавме едно обраќаше од страна на Македонската телевизија до претплатниците во два дела. Едниот дел е бараат соработка со неплаќачите на претплатата, а другиот дел до тука е добро, настапува закана дека сите ќе бидат исклучени односно ќе бидат дадени на суд. Со кое право Македонската телевизија постапува на ваков начин спрема неплаќачите на претплатата. Барам писмен одговор.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одамна поставив прашање кога ќе почне со функција гасоводот во Република Македонија добив несериозен одговор дека тоа ќе биде во октомври, сега сме крај на февруари, а веќе влеговме во нови задолжувања исто така по основ на секундарна гасоводна мрежа и мислам дека заслужуваме и како пратеници и како јавност еден посериозен и покомплетен одговор на ова прашање.

Следното прашање е во село Непроштено се гради фабрика за суви малтери без комплетна документација. Фабрика која еколошки спаѓа во големите загадувачи со опасност да биде загадено едно пошироко подрачје од плодниот Полог кој ги зафаќа атарите на селата Непроштено, Џепчиште, Ратај и други и Манастирот Свети Горѓија.

Изградбата на објектот е сеуште во тек. Значи, се гради иако на повеќе пати и од нас како пратеници од тоа подрачје и од Месната заедница е интервенирано и во подрачната единица и лично кај министерот за градежништво.

До Министерството за финансии со кој акт или со која одлука износот на стоки кои се увезуваат заради извоз се оцаринети со фиксен износ од 3% кога таквите стоки треба да бидат потполно ослободени од царинските давачки.

До Министерството за труд и социјална политика имам информација дека една позначајна хуманитарна помош од Тајланд наменета да се пласира на подрачјето на Тетово се разбира бесплатно дека е дистрибуирана преку приватна трговска мрежа.

Следното прашање е дали Министерството за правда ќе ја достави бараната информација за изборниот маратон во Тетово без оглед што изборите во Тетово завршија без никакви приговори не амнестира одговорност да се даде одговор во форма на Информација за да такви и слични работи не се повторуваат.

До Министерството за здравство извештаите за наводните труења во Тетовско и од домашни,а уште повеќе од странски експерти и институции се доставени, дали ова Министерство ќе покрене постапка дали некое друго министерство за одговорноста на оние кои практично создадоа атмосфера на труење.

На јавноста и должиме и на овие пратеници еден таков одговор и во тој поглед поддржувам што повеќе колеги бараа ваква точка да се постави на дневен ред на ова Собрание. Не можеме да преминуваме преку вакви работи потоа ако времето ги прегази и да речеме извинете се шегувавме. Овие работи не се шега иако некој се пошегуваа со сите нас а главните улоги ги имаа точно децата.

VI/1/ДВ/лј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ :** (продолжение )

Дали Министерството за внатрешни работи и Минм правда мислат и кои мерки ке ги преземат, во Тетово и во Гостивар да се спречи провокативното истакнување на симболи, спротивно на законите, а особено дивеењата овие денови во Тетово и го Гостивар со многу навредливи и многу опасни пароли и слогани од типот дека Тетово и Гостивар се Албанија, дека Македонците треба да се селат во Источна Македонија, дека куќите треба да бидат на продажба итн. Сметам дека ова е сериозно прашање и не смее преку него така да се помине. Опасноста од пошироки компликации и конфликти е можна.

Понатаму, се придржувам кон барањата на г-динот Гештаковски со тоа што и Тетово е значајно подрачје со производство на јаболка. Ј Јас сум за тоа и предлагам околу тоа прашање да се направат з ачајни напори. Но, на моите почитувани колеги од Преспа, нека не ми замерат за неинформираноста, но никако не ми е прифатливо дека една од најсилните фирми во Ресен носи назив "Јафа промет". Ќе бев среќен ако тоа беше Јаболко промет.

Предлагам ако може некој одговор на моите поставени прашања да се даде усмено ако не да ми се даде писмен одговор.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со првопоставеното прашање, а што се однесува до "ГАМА" и епитетите дали е сериозен или несериозен, одговорот е следениот:

Владата најсериозно е ангажирана со соодветното прашање. Меѓутоа, се отвораат одредени проблеми од следните причини, а за да се елиминираат тие причини Владата донесе одлука за формирање на јавно претприајтие кое ќе управува со гасификацијата, таканаречена "ГАМА"

Ова претпријатие треба да живее само толку колку што ќе се вршат подготовките за формирање на акционерско друштво, затоа што во

"ГАМА" треба да се здружи и рускиот капитал кој своевремено му е даден како кредит на Макпетрол. Нивна е желба да се определуваат дали сакаат како кредитен однос да го задржат во "ГАМА" или сакаат како акционерски капитал, а тие сакаат ова второто да го имаат како акционерски капитал и треба да им се обезбеди тоа право, бидејќи на крајот на краиштата тие се и испорачателитена гасот. Не можеме друг однос да диктираме во тој поглед.

Второ, тука е Европската банка за обнова и развој која не само во заокружувањето на првата фаза што влегува со одреден износ на акции за да се заокружил првата фаза на изградбата на "ГАМА", туку од печатот сте информирани дека се заклучи и договорот за кредит, за втората фаза на гама, затоа што првата фаза како таква знаете дека опфаќа само 26 големи потрошувачи да се вклучат во него и сигурно ќе се постави прашањето на економичноста во експлоатацијата на тој систем, до колку не се заокружи целиот така како што е предвиден за проектот, да се опфаќаат и други делови и други објекти во Републиката.

Подготовките се вршат на тој начин што работната група работна статутот на акционерсмкото друштво, работи на договорот за здружување на субјектите во акционерското друштво. Штом тие два документи бидат готови и партнерите ги прифаќаат, тогаш ГАМА ќе им прави понуда за да се здружат, а рускиот партнер во лицето на потпретседателот на Владата на Руската Федерација, што се очекува кон крајот на март да ја посети Република Македонија, покрај другите активности ќе го дефинираме и ова прашање за дефинитивно да се формира акционерското друштво и да ги преземе работите во свои раце како акционерско друштво.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

По однос на прашањето за изборите во Тетово односно нивното одолговлекување, сметам дека информација не би требало да се изготви. Одговорот би се состоил во следното;

- сите учесници во тие избори ги користеа расположивите правни средства до трета инстанца и сето тоа земаше време. Изборите за Тетово конечно завршија, со еден исклучок ако партијата на пратени кот што постави прашање не ги користи понатаму правните средства и на тој начин уште малку го оддолжи крајниот епилог на изборите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одговорот вш г-дине потпреседателе требаше да биде дека гасоводот ќе биде пуштен во октомври 1997 година. Во тоа е несериозноста, кога вие ги знаете сите проблеми, и ние дел од нив знаевме и не можевме да прифатиме дека гасоводот ќе биде во октомври 1996 година кога ние зборуваме за наредни активности што не се само техничка природа. Во тоа не е разбирањето, ниту намерата е некоја лоша или провокативна. По коректно е да се каже дека гасоводот ќе се пушти на крајот на 1997 или 1998 година. Не може никој да ја стави одговорноста на ва или на некој друг.

По однос на прашањето на кое даде некој одговор заменик министерот за правда да кажам дека вие знаете оти јавно мојата партија уште истата вечер ги призна резултатите од изборите. Ако не сте запознаени, упати и честитка до победникот и дека има писмен документ највалиден, до Општинската комисија дека нема да доставува никакви проговори. Според тоа нема што повеќе да зборуваме за инстанци. Меѓутоа, моето инсистираше дека информација мора да се достави и треба, требало да се реагира правовремено. Се однесува на се она што се случуваше во Тетово, за да не се повтори. Тоа е целта. Вие сте правник и знаете дека всушност тоа е она што вие го велите практично дека правото е едно, без оглед на она крајното. Исходот е тој и никој не го негира. Меѓутоа во таа информација треба сигурно да се содржи, не инстанците на приговори туку тепачките конфликтите кршењето на кутии уфрлувањето на фалсификувани ливчиња, фалсификувани списоци, и нт. Тоа се работи кои немаат никаква врска со исходот на изборите.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, би сакал да поставам две прашања.

Првото прашање би било до Министерството за земјоделие, меѓутоа бидејќи министерот не е тука, ќе барам писмен одговор. Прашањето се однесува на следното:

Точно пред две ипол години е поставен камен темелник на Иловачка Брана. Тоа е Брана која треба да ги обезбеди шест или седум населени места во тој дел од бивша струмичка општина со вода за пиење и вода за наводнување.

Би прашал, до каде е со таа изградба и кога таа ќе биде завршена односно кога ова население ќе ги користи благодетите на Иловачка Брана.

Второто прашање што сакам да го поставам веќе е поставено, меѓутоа, заради важноста, а во крајна линија и заради тоа што имам земено обврска од моите гласачи би го поставил а тоа е:

"Што ќе преземе Владата во врска со откупот на раноградинарските култури?. Реков тоа прашање е поставено веќе два или три пати, а еве и јас го поставувам, заради неговата актуелност и мислам дека би било ред на време да го поставиме за да можеме на време да разговараме, а не таму некаде септември и октомври кога ќе биде доцна. Значи, со еден збор, на некој начин да се подготвиме да не остане производството на нивите, како што беше случај во претходните две години.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас би поставил неколку кратки прашања.

Првото прашање се однесува до Министерството за образование и физичка култура.

Дали во текот на оваа година, се мисли на 1997 година, Министерството за образование и физичка култура има предвидено во својата програма доградба, или надградба на факултетот за туризам и угостителство, во Охрид.

Мислам дека прашањето има свое значење заради тоа што овој факултет поради својата важност и поставеност има неверојатно лош простор за изведување на самата настава. Во таа смисла мислам дека е коректно ова министерство да предвиди доградба и изградба на овој објект, под услов, нормално, ако Министерството располага со доволно материјални средства.

Второто прашање се однесува исто така за Министерството за образование и физичка култура.

Јас поставив едно прашање, а тоа беше - кога ќе се донесе Законот за спортските објекти.

Со законот за спорт ние требаше тој закон да го донесеме пред една година. Сведоци сме дека спортските објекти се наоѓаат во многу лоша состојба, заради нерешените ни за прашања во нивното одржување. Засега немам таков одговор и затоа го повторувам ова прашање.

Дали Министерството има намера да го донесе тој закон со кој ќе ги регулираме овие односи, или пак тоа ќе се чека, сигурно, со некој делбен биланс, да се префрлат овие спортски објекти на локална самоуправа, па дури тогаш нешто да се прави. Меѓутоа, би било добро да имаме еден одговор или во тој контекст и ние како пратеници, и ние кои работиме во спортските организации би биле повеќе информирани и на некој начин можеме да дејствуваме во средината во која сме присутни.

Третото прашање што ќе го поставам се однесува за Министерството за земјоделие а може и на Владата, бидејќи таа имаше контакт со Европската заедница. Прашањето е:

До каде е постапката за укинување на одлуката за забрана на извоз на јагнешко месо од нашата држава надвор, бидејќи имаше преговори меѓу Владата и Европската заедница. Меѓутоа, верувајте дека моето присуство на теренот, а посебно во Куманово, сите изборни места целата општина има еден сериозен проблем со јагнешкото месо, бидејќи имаме големо производство на јагниња и сега за сега се доведува во прашање пласманот на јагнешкото месо.

Би го молел Министерството да даде одговор на тоа прашање и сепак земјоделците да бидат информирани во тој контекст.

Четвртото прашање што ќе го поставам се однесува до министерствата за развој и за урбанизам.

Прашањето за Министерството за развој е следното: "Деновиве добавиме извештај од Агенцијата за неразвиени, што е поволно и не само ние како пратеници добивме еден извештај со кој можеме да се запознаеме со сите активности кои биле во текот на 1996 година. Меѓутоа, заради рационалност во нашето однесување, би било потребно да добиеме и програма на Агенцијата за остварување во 1997 година, од причини што е подобро да бидеме информираноста сите активности околу градењето на инфраструктурата односно она што законот го предвидува. Таква програма би било добро да ја имаме и од Фондот за патишта, а таква програма би било добро да имаме и од Министерството за урбанизам. Тогаш ние пратениците не би дошле во ситуации секој дневно да контактираме со овие три субјекти и да губиме време, бидејќи јас како пратеник се сфаќам така да предлагам и да носам закони, а локалната самоуправа и соодветните субјекти меѓусебно да координираат и да ја реализираат самата програма. Јас би бил само

еден посредник во врска, да не кажам локална самоуправа, изборното место и соодветниот субјект.

Ако може да ми се даде некој усмен одговор добро, ако не барам писмен одговор.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Јас само по основ на последното прашање да додадам следното. Вистина е дека деновиве до пратениците беше дистрибуиран извештајот за реализирани активности за 1996 година, по основ на поттикнување на недоволно развиените подрачја во РМ, и истовремено тој извештај што беше донесен и од страна на Владата усвоен, во истиот де беше донесена и програма за финансирање на стопански недоволно развиените подрачја, ридско планинските и компактно заостанатите подрачја во РМ. Меѓутоа, според законот, програмата ја донесува Владата и останува во ингеренциите само на Владата. Да беше поинаку, јас исто го делам мислењето на пратеникот дека може би ќе беше покомплетно ако заедно со извештајот ја имаа и програмата за да бидат во континуитет . Меѓутоа, според законот програмата останува во ингеренциите на Владата

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас не ја барав програмата да ја усвојуваме на Собранието. Програмата јас ја барав исклучиво само заради информирање на пратеници! и во таа смисла мислам дека би било рационално. Така да за тоа барам една таква програма, да ја имам како пратеник, со единствена цел порационално да дејствувам на подрачјето во кое сум присутен.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Јас имам четири пратенички прашања кои се однесуваат на Министерското за земјоделие.

VI/8.-

Првото прашање е до кога ќе се исплаќа премија за млеко и дали има можност тоа да биде до крајот на годината, бидејќи од вкупна цена на млекото е доста ниска, а трошоците за исхрана на стоката се доста високи.

Второто прашање е, дали Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, има сознание за квалитетот на вештачкото ѓубре што се увезува од соседна Бугарија односно дали Декларацијата која е набележана на самата вреќа одговара на стварноста што е внатре

Третото прашање е следното:

И покрај тоа што беше поставено и од други пратеници пред мене е прашањето за проблемот кој е наметнат со веќе пристигнатите јагниња за откуп. Мислам дека треба, како и пред две години кога беше проблем откупот на јагниња, извозот не беше во ред и државата како држава се јави со откуп на јагниња, бидејќи ако дојде до неизвршување на откупот на јагниња, секако и така намалениот сточен фонд, посебно на овци, мислам дека доста негативно ќе се одрази понатаму на сточниот фонд.

Четвртото прашање е кога ќе почне со лицитација, давање под закуп на 15% од земјоделското земјиште, општествено, што го поседуваа земјоделските задруги и земјоделските стопанства, односно со законот кој што е донесен.

Барам писмен одговор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, господа министри, иако малку останавте овде и почитувани колеги.

Не знам дали јас погрешно оценувам, но, за чудо, уште не сме побарале информација за најновата состојба во Републиката. Мислам дека треба да се бара од Владата што е можно побрзо да изготви информација за сето ова што е случува, за причините, за последиците, за организаторите и за евентуалните мерки со кои треба евентуално оваа работа да се среди. Мислам дека би биле недоследни на нашата задача ако тоа итно не го бараме и ако таа седница не почне со траа информација и со една наша резолуција, одлука, што ли ќе биде во смисла на смирување на ситуацијата и на зачувување во сакавата желба за сожителство, за мир, за содејство и тн. Значи, за људски, меѓучовечки односи. Тоа нека биде како во предлог на Владата.

Второ, имам едно прашање до Министерството за урбанизам, сообраќај и до Фондот за патишта. Ова е локално, но молам да ме сослушате.

Во горните села во Поло, од Шарската страна само едно село нема премин преку автопатот, а тоа е селото Пирок. Тоа ништо не значи многу, но сепак значи, тоа е мое село. Упатени се предлозите до споменатите министерства и до Фондот да најде начин да се изгради премин, затоа што половина од атарот на селото е под автотот. Едноставно луѓето за обработка на земјиштето не можат да поминат само пешки. Има луѓе кој го познаваат тој терен, можат тоа да го тврдат, а за жал кога е правен и шутен тој пат, и министер и пратеник имаше тоа село. Тоа пак не сакам да значи многу, но акам само да кажам.

Второ, до Министерството за образование. Сакам да прашам дали и колку се иновирани програмите образовни врзани за едукацијата против наркоманијата во РМ, со која сме соочени секојдневно и која секојдневно  се повеќе не загрозува. Дали за тоа посебно се едуцирани на станиците и дали при родителските средби тоа е составен дел на работата на училиштата. Мислам дека е тоа крупно прашање, не треба големо образложение и на еден поширок начин да се информираме како Собрание дека не сме уште свесни каква грозота ни се случува во општеството со нашите млади, нашата иднина.

Второто е исто така прашање упатено до Министерството за образование и прашањето е следното.

При именување на директорите на основните и средните училишта до кои критериуми министерката се раководи односно определува. Наиме, сакам да прашам каква валидност имаат во таа одлука, или во таквите одлуки училишните совети, колективите на училиштата, подрачните единици на Министерството за образование и педагошките заводи, односно другите педагошки институции, како што е институтот за педагогија. Би молел да имаме и ние еден такво одговор за да знаеме па и ние да имаме некаква ориентација кои се основните критериуми при одредување на одговорните луѓе во училиштето. Ако има други влијание и притисоци и тоа да ни се каже, па да помогнеме тоа да не случува.

Четврто прашање, кое е и последно до Владата.

Имено, се наближува времето кога треба да профункционираат општинските собранија, односно совети и општинските органи. Колку што јас располагам со информации сите новоформирани општини немаат никаква подготовка, ни материјална, уште помалку просторна да не зборувам за некаков концепт за административна организација.

Ја прашувам Владата кои мерки ги презема за да согласно законот на 1 јуни да може да почнат со функционирање овие органи, а јас да кажам и моја сугестија дека без непосредна помош на Владата, посебно на Министерството за правда, тешко овие органи да можат да почнат со работа.

Барам писмен одговор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Изгледа останавме без македонска влада,туку тука ни е присутна....

(зборува на јазик што не го разбирам)

Денеска имам само едно прашање, кое е можеби познато за јавноста, а секое време требаше да се дистрибуира еден приговор кој доаѓа од Кичево.

Кичево има многу проблеми, меѓутоа актуелно е повторно денеска депонијата. Пред 17 години беше лоцирана во населеното место Црници и минатата година е веќе дислоцирано. Не како одеше таа депонија час према Гостивар, па према Охрид и никако да го најде своето место. Овие денови новото раководство, односно советот на Кичево со одлука одлучи пак нешто погрешно, ненаучно, незаконски, таму каде што не му е местото, па е лоцирано во с. Трапчидол. Граѓаните протестираат, јас тука имам една петиција од 195 потписи и бараат неодложно да се дислоцира, затоа што тука не и е местото. Јас им реков на овие од месна заедница барајте од општина Кичево дека јас можам да најдам одговорно место, адекватно место и некои ми се обраќаат.

Прашувам конкретно, дали е инволвирано и Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина т.е. дали има прст, инаку состојбата во Кичево е многу тешка и потешка се очекува.

Барам под итно, а незнам од кого го барам да ми се одговори веднаш усмено на самата седница.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, денес имаме на дневен ред, поставуваше на пратенички прашања и од 50-тина министри, заменици останаа уште двајца министри и 1 заменик. На кого да поставуваме сега прашања. На вас пратениците или на стручните служби на Собранието на РМ? Јас мислам дека ова е крајно несериозно од страна на сите министри што денес ја напуштија седницата, е ги немаме видено точно 5 месеци.

Јас како пратеник од едно поголемо селско подрачје ќе поставам повеќе прашања. Од 60 села сигурно ќе треба да поставам 60 прашања, меѓутоа, јас ќе поставам само неколку.

Министерот за земјоделие, г.динто Никола Параќеов на едно мое прашање за судбината на село Кременца, кое е единствено село во Македонија без земја ми одговори дека ова село ќе добие земја кога Владата ќе почне да одзема 15%, како што рече г-динто Параќаево до земјата што денес ја обработуваат државните земјоделски комбинати и би рекол државните задруги. Г-динот Котевски на место го постави прашање меѓутоа, јас малку би го дополнил.

Ако Владата на РМ сака да го реализира овој благодет за нашите земјоделци и ако навистина е достојна и упорна на овие комбинати да им одземе 15% тоа би значело за нашите 176 илјади селски домаќинства да му се доделат сега околу 20 илјади хектари обработлива површина, бидејќи како знаеме, така говорат некои податоци, во нашата држава овие комбинати и задруги држат околу 150 илјади ха. обработлива површина.

Моето прашање се донесува на следното. Дали овие одземени површини односно површини што треба да се одземаст со некои прописи на нашата Влада ќе бидат површини што се наоѓаат во камењарите или таму каде што играат желките, или таа земја ќе биде околу селата, таму каде има пристапни патишта и ќе биде со некој квалитет што ќе можат нашите земјоделци да ја користат.

На крајот, кога од прилика ќе се реализира тој пропис на Владата. Ќе чекаме до крајот на годината или идната година.

За министерот Јорко Шундовски, кој исто така ја напуштите оваа седница имам едно прашање.

Со негова помош битолското село Биљани кое е жртва на нашата битка за повеќе струја треба да се исели од својата средина и да дојде во Битола. Со ангажираше на овој министер работите на овој план минатата година добро тргнаа и ново Биљани што сега се лоцира во близината на Битола се насира. Меѓутоа, со оглед ан тоа што грото од селаните од ова село се земјоделци, прашуваат дали селидбата на Биљани ќе биде извршена до крајот на учебната година и дали површините што во секое време треба да му ги озреме РЕК Битола за неговите потреби ќе можат да ги изораат за претстојната пролетна сеидба и посета со култури што тие мислат да ги посеат.

За министерот на македонската полиција, г-динот Чокревски имам две прашања.

Едното прашање би му го поставил во името на околу 60 илјади земјоделци од нашата држава кои располагаат со земјоделски трактори, а прашањето од прилика вака гласи.

Дали земјоделските трактори заради извршување на претстојната пролетна сеидба ќе можат без соодветна регистрација да се движат по јавните патишта без санкции и сопки од неговата полиција. Во последно време се забележува полицијата да ги стопира овие трактори да одат во

извршување на своите задачи. Сметам дека ако министерот има донесено ваква уредба најпрво ќе треба да ни изгради други патишта по кои ќе можеме да стигнеме до нашите ниви, а потоа ќе не казнува или ќе не брка од патиштата.

Второто прашање за г-динот Чокревски, тоа прашање сите го знаеме меѓутоа изгледа не сакаме да го поставиме на дневен ред.

До кога македонската полиција станува збор за сообраќајната полиција, која е задолжена да врши контрола и обезбедување на нашите јавни патишта, наместо контрола таа се крие во заседи и пусии за извршување на казни. Мислам дека овој метод на работа на полицијата е од социјализмот и треба малку да се мени.

Владата на РМ, овде сигурно ќе може да одговори нејзиниот потпретседател, г-динот Бекир Жут,а годинава за потребите на приватните земјоделци ќе поушти околу 25 милиони кредити за кредитирање на нивните инвестиции. Значи, распределбата на овие кредити се очекува во секое време. Дали Владата на РМ може да интервенира кај банките кои што ќе ги доделуваат овие кредити, земјоделците кои што ќе побараат кредит за набавка на житни комбајни да ги добијат тие кредити со подолг рок на отплата и со поголем грејс период.

Ова го барам од причини што и покрај тоа што во нашата држава има околу 1800 житни комбајни сите овие жетвени машини одамна треба да се најдат во отпад затоа што нивниот растур и срам за жетварите. Значи, дали може да се интервенира кредитите за земјоделците што ќе купуваат житни комбајни да бидат со помали камати.

На крајот уште едно прашање. Г-динот Гештаковски, од прилика кажа кои прехранбени производи што се увезуват се под режимот на прелевман. Јас ова прашање ќе го дополнам со уште нешто друго.

Како и во кои насоки се трошат овие прелевмани, затоа што тие прелевмани треба да бидат ставени во служба за развојот на земјоделското производство. Станува збор за прелевманите шеќер, масло, сирење, јужно овошје, пченица, и кои не туги прелевмани ако тие се собираат од оние што ги увезуваат. На крај уште едно прашање, директно за Владата на РМ. Имајќи ги во предвид сегашниве тешки состојби околу снабдувањето на нашите земјоделци со потребните репроматеријали за претстојната пролетна сеидба, станува збор, за ѓубриво, хемија, семенска стока, резервни делови и се што му треба ќе формира соодветна агенција аз снабдување на земјоделците со овие репроматеријачи. За некои овие прашања е смешно, но ако се има предвид во светот одамна постојат такви агенции кои што на земјоделците им обезбедуваат евтини репроматеријали, а средствата од маржата се влеваат во фондовите за развој на земјоделството, тогаш нашата Влада треба да размисли што побрзо да почне да функционира една ваква агенција.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани колеги,

Јас имам неколку прашања, а првото прашање е до Министерството за правда. Имено, килимарница Вера Јоциќ од Крива Паланка е со решение на Стопански суд Скопје ставена во стечајна постапка од 30 јуни 1993 година. Во тоа време утврдените обврски спрема надворешните доверители за релативно краток период беа намирени, имено обврските спрема банките и добавувачите на суровини и репроматеријали беа намирени за првите 6 месеци.

VIII/1.-ЛП/ОМ

Ненамирени обврски денес се главно спрема вработените од претпријатието, направени пред стечајот, на име на плати и не платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување. Побарувањата од купувачите при отварањето на стечајот исто така не беа мали и се утврдија некаде над 3 милиони денари,кои и до денес не се наплатени. Во тоа време сите побарувања беа оптужени во Стопанскиот суд- Скопје. Како поголеми должници во тоа време и денес се фирмата "Македонска Пчела" од Скопје која има земено 809 $м^2$ килими, до денес не платени, СТД "Сашо" од Ново Село, Охридско, неплатени 246$м^2$ килими. Тужбите на овие и други купувачи седат во судските архиви од 1993 година, од страна на судот не се закажувани рочишта за нормално судење и овие побарувања не се неплатени.

Прашањето гласи: Кога надлежниот суд ќе ги реши тужбените барања поднесени од страна на Килимарница "Вера Јоциќ" од Крива Паланка против своите купувачи за неплатени килими.

Одговорот по можност да го добијам усмено, или писмено, најверојатно.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за развој. Ова прашање јас го имам поставено минатата година некаде во почетокот на јануари, но со оглед дека тогаш имаше промени во Владата одговор не добив, чекав стрпливо и еве после една година пак го поставувам прашањето. Имено, прашањето гласи вака:

Кога ќе биде завршена браната "Отошница" која се наоѓа во атар на село Булинци , во новата општина Ранковци, инаку порано во Крива Паланка.

Имено, со неколку збора би рекол само дека оваа брана е започната со градба во 1990 година. Господинот потпретседател на Влада е добро запознат со ситуацијата на брана "Отошница", во една прилика беше и присутен и оттогаш наваму не е чепнато ништо. 2 години, ова е трета година , оваа брана не се работи. Инаку, браната е завршена неката околу 85%, земјаниот бенд е изграден во висина од 21 метар и е завршен, одводната шахта е завршена, која претставува една огромна опасност затоа што приливните канали во браната се незаштитени, може да дојде до зачепување на одводната шахта и до предвремено полнење на браната која не е подготвена да ја прими водата и може да дојде до пукање, а хаваријата после тоа, низводно во 3-4 села и јасна е работата.

Инаку, в"о оваа брана е инвестирано од страна на Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, преку Дирекцијата за водостопанство и Министерството за развој. Изведувач на оваа работ и сопственик на браната е "Крива Река", АД, која денес се наоѓа во стечај.

Третото прашање е до Министерството за сообраќај и врски. Прашањето гласи:

Кога ќе биде изградена или реконструирана делницата Ранковци - Крива Паланка во должина од 22 км. од магистралниот пат Куманово - Деве Баир. Пред малку овде почитуваниот колега Хисен Рамадани рече дека на потегот Гостивар Тетово само едно село има неизграден надвозник. На овој патен правец овие 22 км. нема ни еден надвозник, ни еден подвозник, а сами знаеме дека од 1990 година оваа сообраќајна артерија беше единствена за крвотокот на Македонија, до 1994 година додека не беше симнато ембаргото и блокадата. Но и покрај тоа овој

патен правец останува доста интересен за нашата држава. Ова е една од влезните врати, основните влезни врати во државата. Во ед- на прилика јас го образлагав ова прашаше. Овој пат е изграден некаде 1965-1966 година и оттогаш наваму нема проширување, нема осовременува на патот, патот е од 1966 година до денес ист. Имено, делницата од Ранковци до Псача во должина од 7 км. преставува во целата должина од 7 км. црна точка. Зошто? Од Ранковци до село Сача овој пат е населен и не личи на магистрален пат туку личи на улица, затоа што на секој 15 метри има приклучок на маалски или селски пат или полски пат, на ниедно место нема надвозник ни подвозник, патот е во некоја ширина која не може да го прими сегашниот сообраќај, а на тој пат се сега и запрегите и земјоделските машини и луѓето и добитокот. Вториот дел од делницата во должина од 13 км. од Псача до Крива Паланка е делница која е целата со полна линија од Псача до Крива Паланка, што значи дека целата е во серпентини и овој дел од патот последниве. години е населен, така што постојано се присутни и луѓето и добитокот и запрегите, а да не зборувам за тешките возила и брзите леки коли.

Трето прашаше до Министерството за сообраќај и врски:

И ова прашање беше поставено пред 8 месеци, добив одговор со кој што одговор не бев задоволен, меѓутоа, со едно ветување дека тоа ќе се заврши , во тек на градба се. Имено, се однесува на пругата Знаете, пругата Буљаковце - Деве Баир е во градба, на потегот на Славешкиот регион , селата Љубенци , Гиновци и Петралица, со градба на пругата се пресечени на две , што значи селото на една страна, полето е на друга страна, врската меѓу селото и полето е направена - тогаш реков дека е направена со пропуст и се спуштени во долини, меѓу тоа, сега во ова време нека појдат, не се се во долини. Со тоа луѓето се помирија,

меѓутоа,со оглед на ситуацијата во"Пелагонија " и со оглед дека инвестирањето на пругата ќе се намали интензитетот, овие пропусти останаа неуредени, луѓето стрпливо две години газат по кал, по вода, нивниот каков таков угазен вековен пат е разрушен, а сега газат по некој нов пробиен пат по кој што само поминала машина та еднаш.

Прашањето гласи: Дали градителите пред да го напуштат градилиштето ќе ги оспособат пропустите под пругата за нормално комуницирање на граѓаните од селата Љубинци, Гиновци и Петралица.

Уште едно прашање до Министерството за сообраќај и врски и без образлагање а тоа е: Кога ќе биде асфалтиран патот Ранковци - Герман. Образложението е давано два пати за овој пат, сега нема да го давам.

Едно прашање до Министерството аз стопанство: Кога ќе биде електрифицирано селото Криви Камен и со , по една мала, селото Радибуш, имено малата Канџоверци и една мала од Станче. Образложение овде не давам затоа што ми е срам да го дадам. Сега сме 1997 година и вакво прашање мене ми е навистина непријатно да поставам, меѓутоа тоа е потребно.

Уште едно прашање до Министерството за надворешни работи. И ова прашање е поставено пред две години, сега сакам да го обновам: Кога ќе се отворат гранични премини меѓу Република Македонија и СР Југославија и тоа меѓу општина Крива Паланка - Република Македонија и Босилев Град - СР Југославија, општина Крива Паланка - Република Македонија и Трбовиште - РС Југославија. образложение дадов и на ова прашање и нема смисла да го повторувам.

Одговорите ги барам во писмена форма, а што е можно да се одговори усно.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Николовски.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господин потпретседателе, колеги пратеници, членови на Влада, ќе поставам само едно прашаше кое беше спомнато од двајца мои колеги претходно, меѓутоа, во поинаква формулација. Станува збор за проблемот кој верувам ќе го имаме во наредниот период со откупот на јагнињата и пласманот на јагнешкото месо. Би дал мал вовед, бидејќи сметам дека добро ја знам таа проблематика. Се работи аз следното.

После појавата на болеста шап и лигавка кај крупната стока за Македонија од страна на Европската унија, која беше наш традиционален пазар за извоз на јаГнешкото месо, не е дозволен увоз на јагнешкото месо, конкретно во Италија и се најдуваме во ситуација, и покрај напорите што преку Министерството за земјоделство и Ветеринарната управа на Македонија кои се вршат да се добие дозвола за тој извоз на тоа месо, сеуште нема видливи резултати за пласман на па- зарот во Италија и во земјите на Европската унија и веројатноста дека ќе се добие таква дозвола е многу мала. Стојат две алтернативи за пласманот на јагнешкото месо во наредниот период едната е домашниот пазар, каде што факт е дека нема апсорциона моќ да го прифати целото количество на јагнешко месо и втора алтернатива е извоз односно пазарите на државите од блискиот исток. Меѓутоа, тука стои еден друг податок дека цената на месото за земјите на Блискиот Исток каде што го имаме како алтернативно решение е многу пониска од онаа

што ја постигнувавме на пазарите на земјите од Европската унија. Што значи се најдуваме во ситуација или добар дел од тоа производство да остане неоткупен или да се пласира во овие држави со многу пониска цена. Патем да напоменам дека извозот во овие држави е сврзан и со дополнителни трошоци, бидејќи се работи за посебно пакување на јагнешкото месо, посебна обработка и авионски транспорт, што е доста поскапо.

Моето прашање би било: Доколку државата прави напори да го зачува овој сточен фонд на ситна стока што го имаме , дали размислува во правец на одредување стимулации за извозот на јагнешкото месо, за да бидат во состојба стопанските организации барем некоја пристојна откупна цена да им понудат на производителите на јагниња во Македонија. Во спротивно ќе имаме или цена која е далеку од реалната за покривање на трошоците на производителите или пак во наредниот период сигурно ќе имаме намалување на сточниот фонд, што не е добро за државата.

Инаку да напоменам, ова мое прашање се однесува до Владата односно до три министерства кои мислам дека ги допира. Тоа е Министерстерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за стопанство и Министерството за финансии.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Назми Маличи.

**НАЗМИ МАЈБИЧИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе и почитува ни министри и заменици, имам прашање до Министерството за образование. Имено, дали постојат одредени критериуми и дали Министерството за образование и физичка култура има во увид како се екипираат односно избираат репрезентативци. Станува збор за

спортисти кои треба да конкурираат под еднакви услови за што поуспешен настап. Прашањето го поставувам поради тоа што имам сознание дека за избор на спортисти кои треба да ги бранат боите на нашата репрезентација има неодговорност и не се почитуваат спортските квалитети, особено во спортот борење.

Второ прашање: Зошто Министерството за внатрешни работи на значителен број граѓани им ги одбива барањата за стекнување со право на државјанство, со образложение дека не ги исполнуваат условите пред видени со членот 7, став 1 точка 2 од Законот за државјанство на РМ и колкав е бројот на тие негативни барања.

Прашање до Министерството за сообраќај и врски: Дали во оваа година ќе влезат во програмата за финансирање патиштата во ридско - планинските села во новоформираните општини Зелениково и Студеничани, патните правци Гумаљево - Дејковец, Стравојадица - Тисовица и Зелениково Вражаве , како и во општина Студеничани патните правци Батинци - Драчевица и Осинчени - Црни Врв.

Прашање до Владата: Дали е можно да се наведат имињата на првните и физичките лица од кои општини потекнуваат истите што побарале средства по основ на одобрени кредити од странство во Република Македонија, од Светска банка, Европска банка, билатерала со Сојузна Република Германија,Швајцарија и други извори, наменети за земјоделство, сточарство, мали и средни претпријатија и индивидуални земјоделци. исто така, ако е можно да се наведат банките кои ги одобруваат овие средства и износите што тие ги одобруваат по дадените барања.

Друго прашање: Дали е можно да се даде преглед на субјектите кои добиле кредити од овие банки односно преглед на корисниците на

овие средства, како и условите под кои ги користат односно важат кредитите.

Петтото прашање е: Кога населението од Патишка Река, општина Сопиште ќе имаат можност да ја следат програмата на Македонската телевизија, бидејќи со години единствена можност им е да гледаат програма на ТВ Белград.

Барам одговор во писмена форма.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани дами и колеги пратеници, јас имам само едно прашање до три министерот до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина, Министерството за внатрешни работи и до Министерството за труд и социјална политика.

Поради неефикасното работење на подрачните единици на овие министерства во Гостивар, граѓаните се изложени на големи малтретирања се упатуваат од едно до друго министерство или на ненадлежни служби во локалната самоуправа, при што се јавуваат сериозни проблеми. Конкретно прашање е што преземаат овие три министерства со жалбите на семејството Михајловски од Гостивар и големиот број граѓани, на работата на ноќните локали надвор од сите законски норми.

Барам одговор во писмена форма.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Горѓи Атанасовски..

VIII/9.-

Јас ќе поставам четири прашања од кои две до Владата и две до посебни министерства.

Во последно време многу актуелно е прашањето во врска со кредитите кои ги добиваат барателите на основ на развој на малите и средни претпријатија и посебно на барање на индивидуалните земјоделци Мислам дека како Собрание ги донесовме законите кои обезбедуваат министерот аз финансии да ги потпише тие договори и да ги дефинира банките кои ќе ги делат овие кредити. Меѓутоа , заради големиот интерес посебно од индивидуалните земјоделци, мислам дека недостасуваат информации каде овие земјоделци да се обратат за да можат да стекнат кредити. Од тој аспект, совршено ми е јасно дека стандардните услови ги утврдува банката и банките ги делат овие кредити.

Прашањето е следното: Дали Владата на Република Македонија освен овие информации кои .ги имаат индивидуалните земјоделци, има намера - гледам тука е и министерот за развој - преку надлежните министерства, пред се Министерството за развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство да обезбеди дополнителни информации за земјоделците на кој начин полесно може да дојдат до кредит.

**ЃОРЃИ АТАКАСОВ**: (продолжение)

Пред се мислам дека тоа нема да биде на одмет да го довери посебно Министерството за земјоделство на подрачните'служби на ова министерство и пред се, на центрите за унапредување на индивидуалното земјоделство. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е исто така до Владата на РМ , а е во врска со резолуцијата за заштита на Дојранското езеро, што ова Собрание ја донесе во септември 199 5 год, Конкретно прашањето гласи: Што Владата на РМ има преземено во врска со спроведувањето на резолуцијата за заштита на Дојранското езеро. Ова прашање бев замолен да го поставам од граѓаните на Дојран, кои што сметаат дека неоправдано Дојранското езеро полека но сигурно е заборавено, односно покрај сите оние силни маркетиншки настапи околу спас на Дојранското езеро, во јавноста се создаде мислење дека Дојранското езеро е веќе спасено. Меѓутоа , податокот е сосема лош во реалноста , Дојранското езеро токму сега треба да се спасува бидејќи е во многу лоша состојба, за разлика од таа што беше пред година дена.

Третото прашање се однесува до Министерството за сообраќај и врски, а е во врска ТВ претплатата. Што презема Министерството за сообраќај и врски во врска со ТВ наплатата во оние населени места каде што нема ТВ сигнал? Имено, има една анахрона ситуација која што сеуште егзистира во праксата преку судовите на граѓаните да им се наплаќа присилно ТВ претплата, дури и во оние населени места каде што нема ТВ сигнал. Такви во општина Гевгелија се четири населени места и тоа Николиќ, Ковенец, Моин и Ново Коњско, каде што континуиран веќе две години граѓани наплаќаат ТВ претплата преку судовите. Мислам дека тоа е крајно некоректно за една држава и тој аспект прашувам што Министерството за сообраќај и врски презема во врска со овој проблем.

Четврто прашање е до Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство од кои причини сеуште не е во собраниска процедура законот за води? Овој закон во праксата исто така произведува многу несакани последици и мислам дека одамна времето го надмина, впрочем донесен е 1981 год, и произведува такви последици што фактички не се задоволни ниту водокорисниците ниту оние што стопанисуваат со водата. По првото прашање усмен одговор барам од министерот.

**АБДУЛМЕНАВ БЕЏЕТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Бидејќи се инсистираше јас само еден сегмент во врска со ова прашање ќе елаборирам, имено сегментот што имаме податоци од Министерството за развој, имено тоа прашање е доста комплексно, кое се состои од повеќе кредитни линии , кои што РМ ги остваруваше во изминатиот период а се за одредени намени. По основ на кредитната линија од Европската инвестициона банка и кредитната линија од Македонско-Германска спогодба со која исто така се формира заеднички кредитен фонд помеѓу РМ и Република Германија, Владата на минатиот состанок е разгледуваше Информацијата по двата кредитни линии и веќе има точни податоци за степенот на реализација на овие кредитни аранжмани, намените и за проектите по сектори и корисници. Кон овие податоци ги приклучуваме и податоците за другите кредитни линии кои се остваруваат поготово од земјоделието, односно од ИФАД и за да се добие една комплексна слика во однос на начинот на реализација на овие кредити со услови, предуслови, намени , сектори и тн. Така што не би сакал сега да елаборирам само еден сегмент , бидејќи навистина прашањето е доста комплексно.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Господин потпретседателе, господа колеги, господа министри

Првото прашање би се осврнал до Министерството за финансии и лично до потпретседателот на Собранието или до секретарот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Само пратенички прашања до Владата, односно до надлежните министерства.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

До Министерството за финансии, а дали може и до Вас?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

До нас не може.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Дали професионалните пратеници и вработените во истурените министерства во општините се колективно осигурени? И ако не се, зошто не се? Тоа е едно мало прашање, треба да се даде одговор. Мислам дека не сме осигурени ни пратениците ни вработените во министерствата За тоа сакам лично да дознаам.

Второто прашање се однесува до Министерството за сообраќај и врски, иако колегата Трајков праша, меѓутоа бидејќи сум јас од Радовиш прашувам до кога е предвидено да се заврши патот Штип - Струмица преку РАДОВИШ, на кој начин ќе се извршат приклучните спојки преку Радовиш, бидејќи према проектот се направени повеќе грешки, така да сега е градот Радовиш изолиран од патот. Па барам од Министерството за сообраќај на лице место да дојде со нашите општински стручњаци да го изведат тоа што е најправилно.

До Министерството за здравство прашувам дали во идно време е предвидено во општина Радовиш да се обезбедат апарати за дијализа во здравствениот дом, бидејќи имаме повеќе луѓе кои патуваат секојдневно во Штип, Струмица, а некои остануваат и во Струга без обезбеде? превоз , а капацитетот не ги исполнува барањата на радовишките болесн: Четврто прашање, иако имаше повеќе дискусии за кредитите ја прашувам Владата на РМ , дали се очекува поволни кредити како што беа за рурал* развој и за рамничарските терени во РМ без разлика за едногодишни или повеќегодишни насади. Писмено да ми се одговори.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Првото мое прашање се однесува до Владата на РМ . Имено, во февруари 1993 год, Владата на РМ донесе заклучок со кој се прифаќа иницијатива на група граѓани за донесување на закон за донации и доброволни фондови што би требало да ја регулира материјата на донаторство и доброволните фондови. Тогаш Владата заклучи и ја поддржа ова иницијатива на група граѓани и ги задолжи надлежните министерства да изготват верзија на закон. Со оглед на тоа што досега не е изготвен и поднесен овој закон, прашувам до Владата до каде е со постапката во врска со оваа иницијатива.

Второто и третото прашање се до Министерството за труд и социјална политика. Имено, првото прашање се однесува зошто се оневозможени пензионерите од населба Драчево да користат дел од просториите кои се сопственост на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување и каков ќе биде понатамошниот статус и понатамошното користење на овие простории кои порано ги користеше организацијата на пензионерите од населба Драчево, бидејќи овие пензионери повеќе пати се обраќаа до фондот и до министерството за труд и социјала и досега не добија никаков одговор . Прашувам, што ќе биде со статусот на овие простории? Третото прашање во врска со пензионерите во нивната непосредна близина зошто се оневозможени да го користат просторот пензионерите од села Драчево кој до неодамна го користеа и кои порано го користеше претпријатието во стечај "Искра" кога за овој простор и за негова сопственост сеуште се води судски спор.

За овие прашања барам писмен одговор.

**ЗЛАТКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Од многуте прашања издвоив само шест.

IX/5

Прво, до Министерството за сообраќај и врски.

Дали се предвидува дозавршување, односно поврзување на патот Каменица - Крива Паланка преку Саса и Тораница? Исто до Министерството за сообраќај. Зошто ТВ претплатата се наплатува на платниот список на вработените и зошто следуваат казнени санкции против директорот? Што со оние кои не се во работен однос, или оние кои не земаат плата? Нели вработените во однос на останатите се онеправдани во овој случај .

Трето, уште од 19 67 год, се помети дека на Крупиште нема никаква автобуска постројка , т.е. настрешница. Патниците се изложени на секакви временски неприлики . Не се работи за големи инвестиции но се поставува кој тоа да го направи. Дали општината Штип, Пробиштип или Кочани, или пак Македонија сообраќај. Прашањето е во чија надлежност е поставуваше на автобуска постројка, конкретно на раскрсницата према Штип, Кочани и Пробиштип?

Четврто прашање до Министерството за труд и социјална политика. Што Владата превзема или ќе превземе за трудовите инвалиди кои по законот за загубари заминаа како технолошки вишок, а се помлади со стаж од 25 год. Да потсетам дека оваа категорија на граѓани многу тешко ќе најде повторно вработуваше.

Петто , кога и дали Владата планира да предложи закон за штрајк. Сега како што стојат работите секој и секогаш може да предизвика штрајк, па дури и по лична желба. Последиците ги знаеме какви се.

Шесто прашање до Министерството за здравство. Зошто наплатата за изготвување предлог за проценување на работоспособноста кај вработените до инвалидско пензиската комисија во различни општини е различна, од 500 до 2.000 денари. Писмено да ми се одговори.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри дами и господа пратеници,

Јас ќе поставам едно прашање, упатено од министерството за финансии. Имено, во Македонија основен двигател на економскиот живот било занаетчиството. Меѓутоа, во последно време сведоци сме на се позабрзано изумирање на занаетите. И оние ретките што се останати по чаршиите наскоро ќе ги нема. Пред се, од незаинтересираноста на младите но и нестимулативната даночна политика на државата. На пример во Прилеп кој што во минатото важел за еден од најзначајните занаетчиски центри останати се уште мал број на занаети кои нажалост немаат свои наследници а истите со се во поодминати години, како што се двајца самарџии, двајца бочвари, двајца ножари, еден гајдаџија, еден казанџија, еден наланџија, еден секриџија, еден албат и други ретки занаети. Верувам дека слична е состојбата и во другите градови во Македонија. За таа цел го поставувам следното прашање. Дали постои можност за изменување и дополнување на законската регулатива по однос на оданочување на ретките занаети т.е. намалување или ослободување на даночните задолженија со цел продолжување на животот на занаетите и привлекување на младите во ова време на невработеност а со цел и за продолжување на историјата на занаетчиството како дел од македонското битие и кулсура.

Благодарам.

Барам писмен одговор.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Талимџиоски.

IX/7

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри,

јас имам едно две прашања многу кратки. Прво кога ќе почне исплатата на разликата помеѓу откупната и заштитната цена на тутунот од реколтата 1996 год, во износ од 12,3% откупна цена која што е постигната 73 ден. заштитна цена од 82 ден. Тоа треба да го обезбеди Владата на РМ.

Второто прашање е во врска со производството на тутунот и тоа законот за тутун "Службен весник 62, производство на тутун каде што гласи: "посебно членот 8, 9 и 10. Производителите на тутун производството на тутун го вршат во производни региони на површини погодни за одгледување на тутун. За поттикнување на производството на тутун Влада на РМ донесува годишна програма најдоцна до 31 јануари за тековната година, член 9 .• Производителите на тутун се должни тутунското семе од определените сорти на одделни реони и региони да го набавуваат од регистрирани производители на тутунско семе, согласно со Законот. И десеттото, министерот за земјоделство за шумарство и водостопанство поблиску ги определува вкупните количества на тутун, производните региони и реони, како и типовите односно сортите на тутун кои се произведуваат во тие региони и реони, количествата на тие количини се одредуваат до 31 декември во производната година. Законот за тутун нормално е донесен, производството на тутун веќе е отпочнато, а програмата секако и по едниот и по другиот член не е до ден денеска доставени според тоа, го поставува следното прашање: Кога ќе биде донесена го- дишната програма за производство на овогодишната реколта на тутун од 1997 - 1998 година, согласно член 8, 9 и 10.

Писмено да ми се одговори.

IX/8

**БЕКИР ЖУТА:**

Што се однесува до првото прашање до кога Владата ќе ги обезбедува средствата за разликата помеѓу откупната цена и заштитната цена и при поставувањето на прашањето се оди со претпоставка дека откупната цена е пониска од заштитната, па оттука е потребата за обезбедување на разлика. Фактичката состојба е доста поинаква отколку таа што се поставува во прашањето и потребата за обезбедување на средства на буџетот за реколтата од 1996 година не е актуелна, ниту е предвиде1 според планот на Југотутун односно Македонија - табак. И потребата за обезбедување на средства за реколтата од 1996 година не е актуелна, ниту е предвидена според планот на Југо-тутун односно Македонија-табак Затоа што во целата 1996 година, во примарното производство се случија одредени работи во доста подрачја да влезе странскиот капитал во Струмица во Битола, во Прилеп, кај фабрикацијата на цигари со мотивација да продолжи и понатаму и во одрбдени други подрачја каде што откупните цени ја надминуваат границата на заштитната цена . И од тука, она што беше состојба во РМ со години наназад , откупната цена поради состојбите на откупните претпријатија и финансиска и секаква друга и секој пат отстапуваше од заштитната цена, во таква ситуација за да не остане неоткупен тутунот и слично се правеа напори од страна на Владата да се обезбедат на некој начин средства за да може откупот на тутунот да се изврши од реколтата за тековната година. Тоа не е актуелно за реколтата од 1996 год, затоа што остварените просечни цени , откупни, во некои средини се далеку и над гарантираните цени.

X/1.-CJ-ВБ

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Ценам дека од предвидените количини на тутунот од овогодишната реколта кој што изнесуваа 18 милиони и 900, откупени се 15 милиони килограми. Ако се земе по откупни организации цената што ја искажа министерот дека ја надминува бројката од 73, денешниот показател кој што јас го имам не секаде може да се најде бројката од 73, 73,5 до 74. Според тоа, таа е веродостојна бројка која ја имаме денеска во Југотутун и во откупните организации.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За другите прашања писмен одговор.

Има збор г-дин Ковачевски.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседтеле, почитувано Собрание, во циркулација е една информација од работоводниот орган на фабриката Стружанка, работна организација која што е најголема во општината со над 1.200 вработени, кои обезбедуваат каква таква егзистенција во ова кризно време. Прашањето е: може ли Владата да помогне со позајмица, кредитна поддршка за обезбедување суровини за реализација на производствениот програм во врска со договорени извозни зделки. Ми се чини дека Министерството за стопанство би можело да одговори.

До Министерството за развој и Министерството за земјоделие по повод информација од еколошкото друштво во Струга прашање: зошто во најновиот проект со меѓународна поддршка за заштита на Охридското Езеро во првата фаза е изоставено пренасочувањето на реката Сатеска која е еден од најголемите загадувачи и еколошки штетници на езерото. Ако регулацијата на коритото на Сатеска се остави за наредните 5-6 години штетите ќе бидат ненадоместливи.

X/2.-

И уште едно прашање до Министерството за правда и Владата на РМ дали е дозволен партиски став на партиите регистрирани во РМ или личен став на јавни личности за непочитување на државните симбол! на РМ, химната и знамето. Конкретен пример, еден од примерите, со конкретно прашање, во една од новоформираните општини во Струшко, како државата треба да реагира на неодговорно однесување на јавна личност, градоначалник при итонирање на државната химна, на јавен, официјален настап.

Благодарам.

**БЕЌИР ЖУТА:**

И двајцата сме од Струга, и двајцата Стружанка не боли, како и на сите што не боли,но проблемите на Стружанка се тешки колку што е тешка Стружанка. Раководството на 00 на Стружанка тврди дека има цврсти извозни договори, но ако им ги барате договорите тогаш нема дви ги дадат затоа што ги немаат, не ги поседуваат. Тие имаат убави зборови, а на убав збор банките денеска не веруваат, за да може да кредитираат. Тоа беше ситуацијата во 1996 година со нив, тие се обидоа да не уверуваат оти кога би имале одредена сума на средства за да набават благовремено суровини дека би ги ангажирале капацитетите и дека пазарот им е сигурен, меѓутоа кога се обидов да ја воспоставам врската со Комерцијална банка да ги презентираат договорите со странските партнери од тоа не видовме траг и не ги видовме тие. И, сега таа ситуација е таа. Ние сакавме да ја пребродиме и на друг начин ситуацијата преку резервите на памук што во тоа време ги имавме во стоковите резерви, да им се доделат одредени количини за да можат да премостат еден критичен период и да почнат да се раздвижуваат и со некои други помошти,меѓутоа жиро сметката блокирана и се друго блокиран да и помош кога сакате да им дадете, што има обврска за враќање оти не сме во состојба на друг начин да помагаме, тогаш не

може и таа да ја користат затоа што не стои ниедна банка зад нив во таква ситуација.

Тоа е една сериозна ситуација со тоа претпријатие, кое смета на изгубените пазари, кое има шанса веројатно да ги врати тие пазари меѓутоа, сеуште не може да продре на тие пазари зошто за да продре на тие пазари и доказ дека продреле на тие пазари е само договорот или пред договорот е документ, а се она другото е убава желба и убав збор. А, банките не влегуваат во игра со убава желба и убав збор.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Јас имам само две кратки прашања односно се однесува едно на поставеното прашање дообјаснување и допрецизирање на таквото прашање Имено, се работи за однапред претходно поставеното прашање, како е категоризиран стариот пат Скопје - Тетово, откако добив одговор дека е тој локален пат, а причината за поставување на таквото прашање беше една многу чувствителна работа затоа што тој пат Скопје-Тетово и те како е несигурен затоа што само во последниве три месеци сме сведоци на две големи жртви, две малолетни деца односно ученици од I одделение загинаа и не само тие веќе последниве три месеци има неколку сообраќајќи заради необезбеденоста на патот.

Моето прашање гласи: што ќе преземе Министерството за сообраќај и врски за обезбедување на стариот пат Скопје - Тетово, затоа што патот нема ниту сообраќајни знаци кои ќе гарантираат минимална сигурност на тој пат.

X/4.-

Второто прашање исто така се однесува до Министерството за сообраќај и врски но овој пат за железничкиот пат Скопје -Тетово поради тоа што исто така бевме сведоци на неколку пати да има тешки сообраќајќи каде што имаше случаи цели семејства и цели фамилии дури еднаш петмина загинаа во Рашче и Кондово. Само во последната година имавме три такви тешки сообраќајќи заради необезбедување. Имено, преминот на патот од Горче Петров према Кондово, Рашче до Радуша има четири премина, а ниеден не е обезбеден ниту со браници, полубраници или сл.

Иницијатива има неколку пати од страна на мештаните, но на таквите иницијативи има одговорено со еден банален одговор дека недостасувале средства а тие средства не се повеќе, бар од нивните одговори, некаде 50 илјади германски марки што за мене е апсолутно неприфатлив одговор кога се работи за жртви. Реков, само од една фамилија загинаа пет луѓе. Според тоа, прашањето е што ќе преземе Министерството за сообраќај и врски за обезбедување на железничкиот пат Скопје - Тетово.

И, последното прашање, веќе неколку месеци на преминот кај Блаце од двете страни на границата и од македонската и од Југословенската страна и понатаму се наплатува по 5 германски марки поради преземените мерки за заштита од шап и лигавка.

Во ситуација кога ние се залагаме или очекуваме да ни се укине тоа ембарго за извоз, а кои се нашите очекувања кога и понатаму на нашите граници постојат такви банкини, такви бариери и како ќе им докажс на странците дека навистина кај нас нема шап и лигавка. Или ги има шапот и лигавката или навистина ние сакаме да правиме некој бизнис со тие пари што ги собираме секојдневно по пет германски марки и на едната и на другата страна.

Според тоа, прашањето гласи до кога и зошто се поставени и понатаму стојат таквите банкини. Дали воопшто има критериуми и потреба и понатаму да стојат и да се земаат по пет германски марки на тие премини.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Писмен одговор на прашањето.

Има збор г-дин Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе,

Јас во оваа прилика пред пратениците, а нормално како одговор на прашањата би поставил три прашања до одредени министерства и до Владата.

Првото прашање се однесува до Министерството за правда наиме во кој временски период се очекува да се воспостави функционирањето на судското одделение во Пробиштип и што се презема за воспоставување на функцијата судско одделение во општината Пробиштип. Ова прашаше би можело да се прошири и за другите судски одделенија во другите општини. Наиме законска регулатива постои, проблемите со кои се соочуваат граѓаните се нараснати, а конкретно во Пробиштип не функционираат и прекршочните функции.

Второто прашање се однесува до Владата дали во Програмата за работа на Владата се предвидува расправа за појавата на ретрансформацијата на сопственичките односи во одредени стопански субјекти. Наиме не постои регулатива за таква појава. Постои појава за реприватизациј ана претпријатија, примери евидентни во повеќе општини.

Третото прашање се однесува, пред се, на Министерството за урбанизам, можеби и Министерството за финансии, а од карактерот, содржината на самото прашање можеби треба да биде на адреса на Владата.

Прашањето гласи: какви се можностите и какви би биле предностите и недостатоците да при услови на трансформација на сопственичките на деловниот простор во трговскиот центар во град Скопје се користи идејата за купуваше на деловен простор со заробени девизи на граѓаните на РМ.

За ова регулатива не постои, состојбата на трансформацијата во оваа фаза е запрена, а штедачите го имаат сопствениот интерес.

Мислам дека сите овие три прашања заслужуваат внимание од мој аспект и би ги ставил на адреса, пред се, второриве две прашања во вид на расправа на Владата, а на првото прашање би било добро да добијам одговор, ако не е можно сега во наредна прилика, писмено.

Благодарам.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господин потпретседателе, дами и господа пратеници,

Јас накратко ќе поставам само две прашања бидејќи некои од претходните пратеници во врска со некои мои предвидени прашања, прашаа, и не сакам да ги повторам.

Првото прашање се однесува до Министерството за образование и физичка култура. Имено, имајќи предвид сегашната состојба на сегашното училиште "Реџеп Бока" во село Бозовце и базирајќи на претходното донесено решение од страна на инспекторите за затвораше на училиштето бидејќи во тие простории, во таа стара училишна зграда постои ризик за понатамошен тек на работата и ризик за животот на децата. Должен сум во име на родителите и селаните на село Бозовце да го поставам следното прашање: Дали Министерството за образование имајќи ги предвид претходните факти и аргументи планира да

интервенира во конкретниов случај и дали училиштето е внесено во Програмата за 1997 година. Тука одговор сакам писмено бидејќи и министерката не е присутна и мислам дека би било во ред така да постапиме.

Второто прашање се однесува до Министерството за култура кое гласи: Дали надлежното министерство е запознато со состојбата на Домот на културата "Иљо Антески - Смок" во Тетово кој не се користи со состојбата за намената за кој е предвиден и перманентно од страна на нивните претставници се отфрлаат барањата за користење на некои простори, а од друга страна еден одреден дел на тие простори се користи за салон за автомобили. Прашувам: дали е можно во таа куќа да се постави еден ред како што треба и дали ќе се користи наменски додека не е претворен во трговски центар?

Благодарам.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, само едно прашање до Министерството за здравство. Имено, замолен сум од колективот на Вишата медицинска школа од Битола да го поставам следното прашање: Дали и кога ќе се изврши измена во Правилникот за приправнички стаж за стручниот испит на здравствените работници. Имено, се бара измена односно дополнување на член 21 од Правилникот, "Службен весник на РМ" број 6/92 година според кој единствено надлежни за формирање испитни комисии односно за организирање, полагање на стручни испити за приправници со завршен IV и VI//1 степен на стручна подготовка се медицински, стоматолошки и Факултетот за фармација.

Со барањето за измени на овој Правилник се предлага според пропишан план и програма и Вишата медицинска школа во Битола да има право да формира испитни комисии и да организира полагање на

стручни испити на приправници со завршен IV и VI/! степен на стручна подготовка за сите образовни профили од овој степен образование.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

На ова ќе добиете писмен одговор.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Првото прашање го поставувам до Министерството за финансии дали во практиката имаме лицата што го преземаат управувањето со претпријатијата дивидендата која се евидентира секоја година да ја користат за откуп на приоритетните акции од Агенцијата со што ако е така овој модел на приватизација станува бесплатен. Ова заради следното што во член 63 од Законот за приватизација на општествениот капитал дивидендата не може да се користи за откуп на приоритетните акции. Ова е јасно зошто го поставувам заради тоа што ако дивидендата на тој начин се користи кај претпријатијата кои го преземаат управувањето со нив, тогаш истата во суштина се користи за намалување на долгот на капиталот што го презеле со договорот со Агенцијата за приватизација односно го осиромашуваат приливот на средствата кои влегуваат во Буџетот на Владата.

Ова го поставувам затоа што имавме информации дека со оваа материја волунтаристички се барата.

Второ прашање до Министерството за правда. Дали има намера Министерството за правда да и предложи на Владата а тука и на Парламентот закон за формирање на невладини организации како легален ентитет со оглед на тоа што Законот од 1990 година за општествени организации, здруженија на граѓани отстапува од актуелната уставна рамка односно при донесувањето на овој закон значи политичка волја и намера во градење на структурата на граѓанското општество односно за обликување како легален ентитет на една многу чувствителна средба во областа на демократијата.

До Министерството за финансии а може и до финансии, договорете се, сега би сакале да знаеме колкава е паричната сума на

достасани, но неизмирени обврски на актуелните економски субјекти во државата заклучно со месец декември. Ова го поставувам затоа што од литература имам сознанија дека постои дефицит на достасани, а не измирени обврски во висина од 10,3 милијарди денари. Тоа е статистички податок.

Второто прашање кое е во врска со тоа би требало да кажеме дали Министерството за стопанство или финансии можат да кажат каде се лоцирани ваквите достасани, а не наплатени во кои гранки? Спрема моите сознанија тоа е во областа на индустријата и трговијата. Зошто го поставувам ова прашање? Ова прашање го поставувам од аспект што во Заводот за јавен промет бидејќи сеуште е актуелен бившиот закон на СФРЈ кој не како Предлог закон го имаме разгледувано за стечај сеуште нема добиено виделина на денот имаме некаде 12 илјади пријави за стечај. Ива значи дека е актуелно и политичко и економско прашање со оглед на тоа што претстои опасност некаде околу шест илјади стопански субјекти да влезат во стечај и да имаме една нова продукција поради оваа состојба на стечајни работници.

Во тој контекст уште едно прашање дали имаме евиденција колкав е процесот на невработени во декември 1996 година. Ова го поставувам затоа што спрема литературата што сум ја читал изнесува 42% и дали таа статистичка бројка се однесува на вработените што биле, па сега се невработени или на природен прираст на невработени од младата генерација.

Третото прашање до Владата односно до Агенцијата за приватизација. Во градот Струга извршена е, според моите информации продажба на Стоковна куќа на "Струшка Трговија". Бидејќи има разно разни информации и дезинформации за да ги затвориме тие прашања би сакал да знам по кој модел е извршена нејзината трансформација односно приватизација.

До Министерството за урбанизам, на северозападната страна од хотелот Бисер има еден локалитет кој беше убаво ограден сега е разграден, инаку тоа е многу пријатно место, има појава на дивоградби и трансформирање во депонија од околните населби. Со други зборови кои мерки и активности ги презема поготово што го донесовме актуелниот закон за екологија и заштита на човековата средина, а и прашање од сопственичката сфера ги презема актуелното Министерство за урб низам по повод овој локалитет.

Прашање до Јавното претпријатие "Електромакедонија" може и владино прашање затоа што директорот го именува Владата. Кога плаќаме струја како електрична енергија, граѓанинот плаќа како индивидуа за она што троши струја во своето семејство, меѓутоа, на сметката постои стапка за улично осветление. Сега, со формирањето на новите општини ме интересира овие средства одат збирно, тие се насочуваат сеуште во постојните јавни претпријатија, големите општини што беа има едно јавно претпријатие, но сега можеби ќе има појава да се формираат и во другите општини такви јавни претпријатија, нез нам дали ви е најдобро тоа решение, меѓутоа оваа ставка за улично осветлување на која сметка се собира и дали таа се распределува во новоформираните општини за да можат со парите од граѓаните што ги уплатуваат за електрична енергија по таа ставка да си го решаваат прашањето на електрична енергија. Мислам дека треба да се развие тој модел како стар и распределбата на средствата по оваа ставка да се насочи таму каде што треба.

До Министерството за внатрешни работи. Постојат јавни претпријатија или организации кои имаат чуварки служби или служби за обезбедување обликувани и формирани по стариот модел "сами ќе се чуваме". Мислам дека доволно не знаеме сами да се чуваме и како

резултат на тоа настануваат одредени штети, упади во претпријатието и организациите од јавен интерес, па го поставувам прашањето дали Министерството за внатрешни работи размислува да обликува суверена, компетентна служба да го чува јавниот интерес односно капиталот на јавните претпријатија. Изворот на финансирање секако би бил претпријатието или во сферата на образованието за здравството,актуелното министерство од својот капитал со кој располага. Сметам дека е ова прашање на кое актуелното министерство треба да размисли заради тоа што имам убедување и податоци дека е нападнат јавниот капитал на државата поради општите состојби кои се јавуваат во ова транзиционо време.

Уште едно прашање актуелно до Владата во ова време. Постоеше една ориентација порано во стариот модел на управување со државата како политичка ориентација,а потоа операционализирана во ридско - планинските населби големите претпријатија да отвораат стопански субјекти, стопански организации со цел да се решат актуелните прашања на државата за вработување. Како извор на инвестирање на овие претпријатија во ридско - планинските предели поготово тоа беше карактеристично за западните предели на Македонија извор на средства претставуваше државниот капитал односно капиталот сместен во Фондот за неразвиени, а сега Агенција за развој на недоволно развиените краишта. Се поставува прашање, тоа е државен капитал, заради тоа што своја генеза има во Буџетот, па сега ме интересира каков третман има свој капитал од страна ка Агенцијата за приватизација дали е државен или е сопственост на оние претпријатија што ги обликуваа овие капацитети. Ова го актуализирам заради тоа што ќе се јават проблеми во сопственичката трансформација на стопанските субјекти во ридско - планинските региони.

XI/5

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Чокревски, министер за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам многу краток во одговорот на поставеното прашање во врска со чуварските служби воопшто службите кои на некој начин се доближуваат до функцијата што ја имаат службите на МВР.

Во мојот одговор има два аспекти на ова прашање. Првиот е информативен и мислам кратко би требало пратеникот да го задоволи. Да размислуваме, работиме на една концепција во врска со тие служби се подготвуваат соодветни прописи, некои од нив веројатно ќе дојдат и до Собранието. За тоа како ќе бидат регулирани мислам не можам сега да одговарам односно не е време затоа што има многу прашања кои. влегуваат во оваа област, многу се' дискутабилни од најсуштински во однос на функцијата на државата која во принцип од кога е појавена во историјата на цивилизацијата до денес го имаа основниот монопол на силата до некои нови концепции кога некои функции на државата се препуштаат на други служби тие прашања се доста дискутабилни гледаме во општествата кои се во транзиција особено нашите соседи во Бугарија во Русија таквите приватни служби кои во разни институции и претпријатија, приватни домени се организираат почнаа полека да ја преземаат функцијата на државата, тие стануваат центар на мафија, криминално однесување и во врска со тоа се поставуваат многу тешки прашања на кои не е едноставно да се одговори. Видовте примерот во врска со "Пелагонија" коа на свој начин некој го зема законот, зема луѓе кои по пат на сила сакаат да регулираат, настануваат судири и мора полицијата да интервенира. Јас навистина, овој проблем го сметам за

еден од многу сериозните проблеми на државата, работиме на тоа, ако пратеникот е задоволен ова да го симнеме од дневен ред како прашање кое треба да чека одговор. Одговорот е како ќе го регулираме а дека размислуваме за тоа, да.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Списокот на прашањата беше доста широк па тешко можат да се паметат сите, а камоли да се одговори на сите, но барем на некои очигледно.

Прво, беше покренато прашањето на Законот што го донесе овој Парламент за еден процент да се покачат, а приходите да одат за уличното осветление. Тие прихОди се наплатуваа на посебна сметка и никогаш не значеле дека за градските улици се, туку за општината во целото свое подрачје.Сега како приход тие се однесуваат исто така за целото подрачје, а тоа е јавно претпријатие кое функционира во подрачјето на тие општини, така што во тој поглед мислам дека не- ма никакви дилеми дека паричните средства кои се прибираат на таа сметка за таа намена не се лоцираат само за градот, туку по некои критериум како што ги делеа ќе одат и за другите населени места.

Второ прашање за кое сакав да дадам одговор да не излеземе без одговор е прашањето на интервенциите на Фондот за недоволно развиените подрачја кој во целиот период во оваа Република функционирал и тоа не само во планинските предели, тој во стопанството на оваа земја функционираше до сега. Ако добро го разбрав прашањето дали и тој дел е предмет на приватизација или кој карактер го има? Тој не е предмет на приватизација евидентиран е целиот и како таков кога се врши проценка на вредноста на капиталот на

претпријатиeто кое е предмет на проценка заради приватизација тој дел се одбива и има карактер на државен капитал и според Законот за продажба на државниот капитал по критериуми и мерила тој се отуѓува на тој начин, така што нема никаков ризик и никакви непредвидливи работи, се е согледа- но благовремено и така се реализираат тие работи.

Трето, се спомна бројка од 10 илјади претпријатија во стечај. Јас имам еден податок овде официјален од статистика.... (господинот Трпеновски од место вели пријави), а, пријави, бројот на пријавите е нешто поголем инаку бројот на претпријатијата е далеку понизок, а правите квалификации и кај едниот и кај другиот податок. Бројот на општествените и мешовити претпријатија е релативно многу помал во однос на чисто приватни претпријатија за кои се поднесуваат пријави односно како бројка на претпријатија кои се под стечај, а тоа ви говори веќе за нешто.

Четврто, спомнавте еден податок кој јас малку се насмеав од каде е изворот на тој податок? Три, пет милијарди разлика помеѓу долговите и влезот на капиталот во оваа земја, луѓе не го знам тоа дека ние должиме 3,5 милијарди, туку знам дека приходите се толку, јас знам дека една милијарда и нешто беше вкупниот долг на оваа земја кој е репрограмиран ви за ви Монетарниот фонд и Светската банка за обнова и развој со грејс период и со рок на отплата од 40 години со камата од 0,5% што ви за ви поранешните рокови беше поинаку.

**БЕКИР ЖУТА**: (продолжение)

Јас знам дека обврските што беа спрема Парискиот клуб исто- така се рефинансирани со еден грејс период за да се овозможи стопанството да дише и да може потоа во еден подолг период тие обврски да ги измируваме. Знам дека обврските што ги има ова стопанство, односно оваа земја спрема Лондонскиот фонд во јули 1996 година, покрај опростените 360 милиони, другите се рефинансирани со грејс период и со прифатлива камата, а рокот на отплата е многу подолг. Тоа не значи дека растат обврските во апсолутен износ, туку релативно опаѓаат кога роковите на враќање се пониски и каматата е пониска.

Заклучно со 1996 година, не е актуелна состојбата, ниту на обврските за 3,5 милијарди затоа што наследените штедни влогови што оваа земја ги прифати таа да биде гарант и долговите што ги наследи исто така од стопанството не се преку преку 2 милијарди и 150 односно 200 милиони долари кои репрограмирани на овој начин говорам само за долговите што ги има стопанството значат релативно многу помалку отколку што изнесуваат пред нивното репрограмирање. Но, бројка од 3,5 милијарди не ми е позната.

Сакав да го подвлечам тоа дека навистина овој податок нема извор. Јас заради интересот на пратеникот од Народна банка ќе барам посебен одговор со посебни податоци за тоа што се случуваше во овој период по сите основи, но да биде уверен и да спие мирно затоа што прво обврските не се 3,5 милијарди, разликата не е 3,5 милијарди, како што беше речено, а јас говорам дека воопшто не се 3,5 милијарди обврски.

XII/2

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Изгледа не се разбравме. Овде се работи за постојните стопански субјекти. Во Републиката има должничко доверителни односи и стопанските субјектине се спомни да си ги надмират меѓусебните обврски заради тоа што постои дефицит на пари. Тоа е причината што некаде се врши компензација со стока каде што нема и мора да живее ова стопанство, а најдобра е компензација која сега се врши со пари. Со пари се подмируваат должничко доверителните односи. Јас зборувам за внатрешно прашање меѓу постојните стопански субјекти што работат, приватни или општествени. Се согласувам, што велите вие дека сега се повеќе приватни отколку општествени. Овој недостаток на парични средства меѓу стопанските субјекти да не можат да си ги подмират своите должничко - доверителни односи е една од причините што после 60 дена во изминатите 75 дена, Заводот за платен промет по стариот закон за стечај поднесува пријава. Вели, неможеш да си ги платиш обврските, еве ти ја пријавата, стечајниот управник и државата ти вика претпријатието ти вика не е твое. Тоа е под стечај. Тоа е. За паричната маса, колкава е, према моите информации е преку 500 милиони ДМ. Погрешно сте ме разбрале. Тоа се големи суми и дека се работи за екстерно интерен долг меѓу државата и меѓународните финансиски институции. Го поставувам тоа прашање затоа што продуцира како резултат на тоа претпријатие во стечај, продуцира стечајни работници, продуцира невработеност.

Јас кога би имал ингеренции, да речеме, да водам владина политика, јас би нашол средства да извршам компензација на оваа работа за да може да живеат стопанските субјекти и да се направи барем еден релативен стоп на продукцијата на невработените.

XII/3

**БЕКИР ЖУТА:**

Веќе доаѓаме во суштина на проблемот, а тоа е, макар што не се рече така но во суштина е така, кога би бил јас во Влада јас би нашол решение за меѓусебните обврски на претпријатијата, а тоа е нова инфлација, она која ова стопанство го упропасти во 1992 година со 1925% на годишно ниво инфлација со тешки маки намалена на 320 во 1993 година итн. И денес може да се најде такво решение кое тие меѓусебни побарувања или обврски може со рецептура преку инфлација да се разрешат, а ништо да не боли од тоа.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Околу прашањето во врска со невладините организации замислата на Владата е тој закон да гласи - закон за здружение на граѓаните. Со овој закон факт е дека малку се доцни. Предлогот за донесување е планира! за март, односно првата фаза, а втората фаза е планирана за јуни. Со овој закон ќе се регулираат прашањата околу основањата и статусот на меѓусебните односи и начинот на дејствувањето, финансирањето итн., се што е врзано за граѓанската иницијатива.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани дами и господа,јас би имал едно прашање што би го поставил до Министерството за градежништво урбанизам и заштита на човековата средина. општина Кавадарци во изминатиот период со учество на граѓаните се зафати со изградбата на колектори за фекална канализација и како резултат на тоа се изградени делови од главните колектори на градот.

Со решавање на колекторското водење на валканите води го решаваме и проблемот на загаденоста на реката која се протега низ целата должина на градот, на некој начин ги отстрануваме и можностите за појава на евентуални зарази што ги регистриравме во претходните две години.

Во моментот најголема опасност се постоечките нецелосни и недовршени колектори и тоа во населените места Ваташа, Глишиќ и Марена. Верувајте дека граѓаните посебно од Ваташа има периоди кога не можат таму да живеат бидејќи во овие делови отпадните води директно се испуштаат во реката која се претвора, можеби во извор на зарази и тоа продолжува низ целото централно градско подрачје.

Прашањето гласи, дали ќе се земе предвид барањето на општина Кавадарци за изградба на дел од колекторот. Знаеме дека чини доста пари, меѓутоа, граѓаните учествуваат. Тоа етапно ќе се решава, веројатно многу години. Меѓутоа, за овој дел од колекторот во населеното место Ваташа бидејќи навистина е реален проблемот.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во Буџетот, во делот или во Разделот на Министерството за водоводи и фекални канализации во текот на оваа година предвидени се вкупно 160 милиони денари кои ќе се распределат по програми кои што ќе ги добиеме по општини.

Засега доста од барањата се пристигнати за вакви и слични проблеми какви што има во Ваташа и Кавадарци, но мислам во рамките на можностите во големината на сумата која дозволува за скоро сите општини кои ќе поднесат барање, ќе се изнајдат средства. Но, веднаш да кажам, најверојатно, како и минатата година, бидејќи оваа година е помал буџетот, тие средства ќе бидат доста мали за вкупното решавање на овој проблем. Значи, покрај овие средства треба да се побараат и други извори на средства односно на друг начин да се решаваат проблемите бидејќи овие средства, отприлика сметаме да бидат само како иницијални средства кои ќе започнат за евентуално решавање на проблемот. Значи, покрај тоа што ќе бидат земени, ќе биде Кавадарци и Ваташа во предвид во програмите, ќе треба да се бараат и дополнителни средства да се заврши таа инвестициона активност.

XII/5

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам краток.

Првото прашање е упатено до Министерството за стопанство, а се работи за следното:

Во текот на 1996 година еден добар дел од индивидуалните земјоделци од Струмица засадија шеќерна репка која подоцна уредно и навреме беше продадена на откупувачот, шеќераната од Битола. Меѓутоа, во моментот кога таа требаше да биде испратена тоа не беше сторено, со исклучок на еден мал дел во вид на компензација со шеќер, а најголемиот дел до денес сеуште не е платен. Оттука и прашањето кога индивидуалните земјоделски производители ќе го наплатат тешко заработениот денар и што Министерството за земјоделие преземало од своја страна за разрешување на овие состојби.

Второто прашање е до Министерството за здравство.

Прашањето го поставувам во името на група сопственици на приватни стоматолошки организации а е упатено до Министерот и тоа гласи:

Кога и дали Министерството за здравство, односно Фондот за здравство ќе склучи договор со приватните стоматолошки организации, ако се знае дека тоа веќе го има направено, или го прави со приватните општи здравствени амбуланти, а што е во спротивност со постоечкиот закон за здравствена заштита.

Третото прашање е упатено до Министерот за надворешни работи а тоа е следното:

Од териториите на поранешна општина Струмица, а сметам дека станува збор и за граѓаните на РМ има доста граѓани кои се на привремена работа во Швајцарија.

Еден добар дел од тие граѓани се немаат стекнато со така-наречена Б-виза што би им овозможило слободен престој и работа во таа земја и од оваа година им е скратено правото да се повратат на работа таму.

Прашањето гласи, што преземало министерството за надворешни работи за да не дојде до таа состојба и што ќе преземе во иднина, за овие наши граѓани на работа во Швајцарија, за да може да се вратат на работа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Најверојатно одговорот ќе добиеш по писмен пат бидејќи соодветните министри не се присутни на седницата.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Првото прашање е за Министерството за сообраќај и врски. Патниот правец, Битола - Крушево преку с. Ивањевци и Бучин се наоѓа во катастрофална состојба. Имено во оној дел до каде што опфаќа Крушевска општина а тоа е до селото Бучин, откако минатата година беше ставен нов слој на асфалт. Меѓутоа останатиот дел што поминува преку с. Ивањевци е во многу лоша состојба каде што е доведено во прашање функционирањето на овој патен правец и практично е пред укинување на оваа линија.

Јас и минатата година укажував на оваа потреба за поставување на нов асфалт, во продолжение, а еве сега ќе поставам прашање до Министерството за сообраќај.

Дали Министерството за сообраќај сериозно размислува оваа година да го асфалтира продолжението на патот од с. Бучим преку селата Свето Тодори и Ивањевци и дали ќе дозволи во спротивно да биде укината оваа сообраќајна врска Битола-Крушево.

Второто прашање го упатувам до Министерството за урбанизам, градежништво заштита на човековата околина.

Едно од поголемите села во поранешна битолска општина се наоѓа и с.Могила кое сега е центар на новата могилска општина. Ова село и до ден денес, за жал нема вода за пиење.

Минатата година наидов на развивање кај министерот за урбанизам и беа обезбедени средства во вредност од 1.600,000 денари односно за цефковод од 500 м. Меѓутоа, со оглед на тоа што не можеше да се постави овој цефковод, потребно е оваа година да се продолжи со доизградба на овој водовод.

Прашувам, дали Министерството за урбанизам го има свртено во програмата ова село да се доизгради водоводот во с.Могила.

Може да добијам писмен одговор.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Листата на пријавени пратеници за пратенички прашања е исцрпена.

Дали уште некој сака да постави прашање до Владата и министрите.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Сакам да му реплицирам на Министерот за стопанство.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам реплика не, ако имате пратеничко прашање повелете.

**ДИМИТАР ТРПЕКОВСКИ:**

Прашање е затоа што ме смести во сферата на тие што се залагаат за инфлација. Далеку од тоа. Не станува збор за тоа.

Меѓутоа дали, даречеме, при преструктуирањето на 25-те загубари Владата внесе свој капитал за тоа. Дали настана инфлација? Не настана инфлација.

Јас не велам друго. Велам ако постојат економски можности, со една чиста намера да се стопираат неповолните процеси и движења во Републиката. Со инфлација прашањето може да го реши секој не Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, ја прекинувам овде 59-тата седница, а знаеме во 59-тата седница имаме уште две точки за кои што се договоривме кога ќе се создадат услови за тоа.

Ве известувам дека Шеесет и првата седница ќе ја започнеме утре во 11,00 часот.

Ги молам стручните служби да ги информираат, на поволен начин пратениците.

Седницата прекина со работа во 18,20 часот.